

# ПРАЗНИНИ И ПРЕДИЗВИЦИ ЗА ЕФИКАСНА ПРАВДА ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ И ПРАВОТО НА ПРИВАТНОСТ

Доц. д-р Елена Мујоска Трпевска
Доц. д-р Ирена Бојаџиевска
м-р Милена Јосифовска

Скопје, 2023

Финансирано од Европска Унија

ЕУ со ТЕБЕ

Проектот е имплементиран од

ЦЕНТАР ЗА ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА И АНАЛИЗИ
CENTER FOR LEGAL RESEARCH AND ANALYSIS

МЗМП

**Наслов:**
Празнини и предизвици за ефикасна правда за заштита на личните податоци и правото на приватност

**Издавач:**
Центар за правни истражувања и анализи
Македонско здружение на млади правници

**За издавачот:**
Лидија Стојкова Зафировска, ЦПИА
Александра Цветановска, МЗМП

**Автори:**
Доц. д-р Елена Мујоска Трпевска
Доц. д-р Ирена Бојаџиевска
м-р Милена Јосифовска

**Редакција:**
Центар за правни истражувања и анализи

**Лектура:**
Дејан Василевски

**Графички дизајн:**
Вертиго Висуал

**Печатење:**
Полиестердеј

**Тираж:**
30 примероци

**CIP – Каталогизација:**

Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

342.738.037:340.13(497.7)(047.31)

35.075.2:342.738.037(497.7)(047.31)

342.738.037:340.142(497.7)(047.31)

МУЈОСКА Трпевска, Елена

Празнини и предизвици за ефикасна правда за заштита на личните податоци и правото на приватност / Елена Мујоска Трпевска, Ирена Бојаџиевска. - Скопје : Центар за правни истражувања и анализи : Македонско здружение на млади правници, 2023. - 95 стр. : илустр. ; 25см

Фусноти кон текстот. - Содржи и: Анекс
ISBN 978-608-4926-08-5 (Центар за правни истражувања и анализи)
ISBN 978-608-4843-83-2 (Македонско здружение на млади правници)

1. Бојаџиевска, Ирена [автор]
а) Лични податоци -- Заштита -- Правна и институционална рамка -- Македонија -- Истражувања б) Лични податоци -- Заштита -- Судска практика -- Македонија -- Истражувања

COBISS.MK-ID 62226437

**Оваа публикација е изработена во рамките на проектот „Ефикасна правда за заштита на основните слободи и правото на приватност во онлајн-просторот", финансиран од Европската унија. Содржината на публикацијата е единствена одговорност на авторите и на никаков начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Европската унија.**

Финансирано од Европска Унија

Проектот е имплементиран од

ЦЕНТАР ЗА ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА И АНАЛИЗИ
CENTER FOR LEGAL RESEARCH AND ANALYSIS

МЗМП

# Содржина


Листа на кратенки 6

Извршно резиме 8

Вовед 10

**1. Правна рамка 14**

1.1 Закон за заштита на личните податоци 14

1.2 Други закони и подзаконски акти од областа на заштита на личните податоци и правото на приватност 25

1.3 Стратешки документи 30

1.3.1 Стратегијата за остварување на правото на заштита на личните податоци 2018-2022 30

1.3.2 Комуникациска стратегија 2018-2023 31

**2. Институционална рамка 34**

2.1 Агенција за заштита на лични податоци 34

2.1.1 Права и надлежности 34

**3. Права на граѓаните како субјекти на личните податоци 40**

3.1 Што се случува во случај на нарушување на безбедноста на личните податоци? 42

3.2 Доставени известувања до Агенцијата за заштита на лични податоци за нарушување на безбедноста на личните податоци 44

**4. Справување со кибернапади и компјутерски инциденти 50**

4.1 Примери на компјутерски напади што довеле или можеле да доведат до злоупотреба на личните податоци 51

**5. Надлежности на судството и јавното обвинителство во овозможување на ефикасна правда за заштита на личните податоци и правото на приватност во дигиталниот простор 56**

5.1 Судска практика од областа на заштитата на личните податоци и правото на приватност 57

5.1.1 Судство 57
5.1.2 Јавно обвинителство 59
5.2 Идентификување недоследности на судството и јавното обвинителство во овозможување на ефикасна правда за заштита на човекови права, правото на приватност и лични податоци во дигиталниот простор 61
5.3 Градење на правосудните капацитети за мериторно одлучување за заштита на личните податоци и приватност со примери на судска практика на ЕСП 63
5.4 Релевантни пресуди на ЕСЧП од областа на заштита на личните податоци 67
5.5 Процесно и институционално јакнење на правосудните органи кога се во улога на контролори 73

**6. Заклучоци и препораки** **78**
Анекс I 82
Листа на предлог-закони, подзаконски акти и други материјали за кои е дадено мислење од АЗЛ
Анекс II 84
Поднесени обвиненија за злоупотреба на лични податоци
Анекс III 87
Анализа на пресуди од ОС за злоупотреба на лични податоци

# Листа на кратенки

| | |
|---|---|
| РСМ | Република Северна Македонија |
| АЗЛП | Агенција за заштита на личните податоци |
| ЗЗЛП | Закон за заштита на личните податоци |
| ЗЕК | Закон за електронските комуникации |
| ЗЕТ | Закон за електронска трговија |
| УВМК | Управа за водење матични книги |
| ФЗО | Фонд за здравствено осигурување |
| ЕСЧП | Европски суд за човекови права |
| ЕСП | Европски суд на правдата (Суд на ЕУ) |



# Извршно резиме

Глобализацијата во современите услови станува фактор што има силно влијание и врз појавата на криминалитетот и врз обликувањето на феноменолошките облици каде што се појавува. И покрај тоа што сметаме дека сме во чекор со времето и со најновите достигнувања, знаењата за глобализацијата како сеопфатен општествен процес постојано треба да се обновуваат и да се надградуваат. Донесувањето на меѓународни документи насочени кон создавање на соодветна организација за успешна борба против најновите облици на криминалитет, создавањето на институционална организираност на државите и поврзувањето на активностите во борбата против модерните (вклучително и ИТ) форми на криминалитет, не го решава проблемот.

Причината за тоа е едноставна: како држава не работиме на отстранување на оние елементи од глобализацијата што дејствуваат како криминогени фактори во настанувањето на криминалитетот.

Во 2020 година е донесен Законот за заштита на личните податоци по долгогодишните укажувања дека треба да се преземат дополнителни напори за усогласување на националното законодавство за заштита на личните податоци со општата Регулатива за заштита на податоците 2016/679 и Директивата 2016/680 (Извештаи на ЕУ за напредокот на РМ), односно препораките за зајакнување на самостојноста и независноста на надлежните органи, дадени од групата на високи експерти за системските прашања за владеење на правото што се однесуваат на следењето на комуникациите откриени пролетта 2015 година (нотирани во „Извештаите на Прибе“) или упатените забелешки за усогласеност со Регулативата (ЕУ) 2016/679 на Европскиот парламент и на Советот за заштита за заштита на физичките лица во однос на обработката на личните податоци и слободното движење на овие податоци (Експертско мислење – ЕК).

По влегување на Законот за заштита на личните податоци во август 2021 година, започна неговата целосна имплементација. Следењето на спроведување на ЗЗЛП и напредокот и предизвиците редовно се отсликуваат во Извештаите на Европската Комисија за Поглавјето 23 – Правосудство и фундаментални права од Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија (НПАА).

Оваа анализа ќе послужи да се согледа степенот на заштита на правото на приватност и слободно располагање со личните податоци во правосудниот сектор односно, дали Законот за заштита на личните податоци на сеопфатен начин ги уредува прашањата за собирање, чување, пренос и обработка на личните податоци, а особено начелата поврзани со обработката на личните податоци од аспект на имплементација во пракса од страна на правосудните органи. Воедно, ќе биде направена проценка на надлежноста и идентификување на недоследности на судството и јавното обвинителство во овозможување на ефикасна правда за заштита на човекови права, правото на приватност и лични податоци во дигиталниот простор.

# ВОВЕД

Кој е одговорен за информациите објавени на страниците на интернет? Дали тие информации се уредно обработени, безбедни и заштитени? Кој е одговорен ако е нарушена приватноста? Или, поконкретно, кој ќе одговара ако објавените податоци се грешни или се изгубени? Што се случува ако се објавени лични податоци што откриваат политички ставови, верски убедувања или податоци што се однесуваат на здравјето или сексуалната ориентација на физичкото лице?

Приватноста е една од најчувствителните сфери на човековото живеење што може да се појави во многу облици и форми што ја прави еден од најтешките феномени за целосно законско регулирање. Во ерата на брзиот развој на интернетот, ИКТ-технологиите и компјутерските програми, со широка и неконтролирана употреба на социјалните мрежи („Инстаграм“, „Фејсбук“, „Твитер“, „Тикток“), корисниците лекомислено споделуваат лични податоци без размислување дали тие можат да бидат предмет на злоупотреба од трети лица. Секое неовластено навлегување во приватноста значи повреда на индивидуалната независност, на личноста, на идејата дека секое лице може слободно да го води својот живот како што сака, без надворешни влијанија и сам да одредува кои информации ќе бидат откриени.[1]

Преку почитување на правото на приватност и правото на заштита на личните податоци се промовираат демократските вредности и се придонесува за развој на демократската држава и демократското општество.

Сè додека не сме како поединци лично засегнати од нарушувањето на нашиот приватен простор онлајн или офлајн или откривањето на нашите податоци во контекст во кој не сакаме или не сме се согласиле да ги дадеме, не ни замислуваме како изгледа ваквата повреда на

1 Метаморфозис, Слобода на изразување и приватност во дигиталната ера, декември 2014. Извор: http://nemrazi.mk/wp-content/uploads/2014/12/Manuel-p--dagogique_mk.pdf.

приватноста, односно како и за другите појави, не можеме да разбереме ако му се случуваат некому друг. Но, оној момент кога лично сме во улога на жртва или на засегната страна, веднаш бараме заштита од институциите и од правосудните органи.



# I.
# ПРАВНА РАМКА

# 1. ПРАВНА РАМКА

## *1.1 ЗАКОН ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ*

Националната правна и институционална рамка со која се гарантира заштитата на личните податоци како основна вредност е воспоставена со Законот за заштита на личните податоци[2]. Законот е донесен на 16.02.2020 година, влегува на сила на 24.02.2020 година, а веќе следната година ја има првата измена[3] што содржи поситни технички измени и дополнувања. Законот ја транспонира Регулативата (ЕУ) 2016/679[4] на Европскиот парламент и на Советот за заштита на физичките лица во однос на обработката на личните податоци и слободното движење на овие податоци (CELEX број 32016R0679).[5]

Покрај основниот закон, еднаквоста (чл. 9), сигурноста и тајноста на личните податоци (чл. 18), заштитата од повреда на личниот интегритет што произлегува од регистрирањето и обработката на информации за граѓаните (чл. 18) и правото на приватност (чл. 25) се загарантирани и со Уставот на РСМ[6].

Од преостанатите меѓународни инструменти на Советот на Европа би ги издвоиле Европската конвенција за заштита на човековите права (ЕКЧП)[7] и Конвенцијата за заштита на поединци во врска со автоматската обработка на личните податоци (Конвенција 108+)[8] и нејзините

2 Закон за заштита на личните податоци, Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 42/2020 од 16.02.2020.
3 Закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на личните податоци, Службен весник на РСМ, бр. 294/2021 од 27.12.2021 година.
4 Регулатива (ЕУ) 2016/679 на Европскиот парламент и на Советот од 27 април 2016 година за заштита на физичките лица во однос на обработката на личните податоци и за слободното движење на овие податоци / Regulation (EU) 2016/679 of the European Parliament and of the Council of 27 April 2016 on the protection of natural persons with regard to the processing of personal data and on the free movement of such data, and repealing Directive 95/46/EC (General Data Protection Regulation). Извор: https://eur-lex.europa.eu/legal-content/en/TXT/?uri=CELEX%3A32016R0679.
5 Со оваа директива се укинува Директивата 95/46/ЕЗ, т.н. Општа регулатива за заштита на личните податоци.
6 Устав на Република Македонија, Службен весник, бр. 52/1991; 1/1992; 1/1992; 31/1998; 31/1998; 91/2001; 91/2001; 84/2003; 84/2003; 107/2005; 107/2005; 3/2009; 3/2009; 13/2009; 49/2011; 49/2011; 6/2019 и 6/2019.
7 The European Convention on Human Rights. Извор: https://www.coe.int/en/web/human-rights-convention.
8 Convention for the Protection of Individuals with regard to Automatic Processing of Personal Data (CETS No. 108), 28.01.1981. Извор: https://www.coe.int/en/web/data-protection/convention108-and-protocol.

протоколи[9], чија потписничка е Република Северна Македонија, како и со правната рамка на Европската унија – Повелбата за основните права во ЕУ[10] и споменатата регулатива за обработка на личните податоци, со која Европскиот парламент, Советот на Европската унија и Европската комисија имаат цел да ја засилат и да ја унифицираат заштитата на податоците на сите физички лица во ЕУ, како и извозот на личните податоци надвор од ЕУ.



9 Во рамките на Советот на Европа е завршена постапката за модернизација на постојната Конвенција за заштита на физичките лица, која се однесува на автоматската обработка на личните податоци бр. 108 од 1981 година, при што е донесен новиот Протокол за изменување и дополнување на Конвенцијата за заштита на физичките лица, кој се однесува на автоматската обработка на личните податоци (CETS No. 223) со кој предметната конвенција се доуредува од аспект на новите состојби во областа на заштитата на личните податоци, како и во однос на новите технолошки решенија што се применуваат при обработката на податоците.
10 EU Charter of Fundamental Rights on EUR-Lex. Извор: https://commission.europa.eu/aid-development-cooperation-fundamental-rights/your-rights-eu/eu-charter-fundamental-rights_en.

# МЕЃУНАРОДНА ПРАВНА РАМКА ОД ОБЛАСТА НА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

**Универзална декларација за човекови права (член 1 и член 12)**

Сите човечки суштества се раѓаат слободни и еднакви во достоинството и правата. Тие се обдарени со разум и совест и треба едни кон други да постапуваат во духот на братството. 12. Никој не смее да биде изложен на произволно мешање во приватниот живот, семејството, домот или преписката, ниту на напади врз честа и угледот. Секој има право на заштита од законот против вакво мешање или напад.

**Европска конвенција за човекови права (член 1 и член 8)**

Секој човек има право на почитување на неговиот приватен и семеен живот, домот и преписката. 8. Јавната власт не смее да се меша во остварувањето на ова право, освен ако тоа мешање е предвидено со закон и ако претставува мерка што е во интерес на државната и јавната безбедност, економската благосостојба на земјата, заштитата на поредокот и спречувањето на кривични дела, заштитата на здравјето и моралот или заштитата на правата и слободите на другите, во едно демократско општество.

**Повелба за основните права на Европската унија (член 7)**

Секој има право да се почитува неговиот или нејзиниот приватен и семеен живот, дом и комуникации.

Член 8: „1. Секој има право на заштита на личните податоци што се однесуваат на него/ неа.“ 2. Таквите податоци мора да се обработуваат чесно за специфични намени и со согласност од засегнатото лице или врз некоја друга легитимна основа предвидена со закон. Секој има право на пристап до собрани податоци што се однесуваат на него/ неа и право на исправање на тие податоци. Усогласувањето со овие правила подлежи на контрола од независно тело.

**Меѓународен пакт за граѓански и политички права (член 17)**

1. Никој не може да биде предмет на самоволни или незаконити мешања во неговиот приватен живот, во неговото семејство, во неговиот стан или неговата преписка, ниту на незаконити повреди нанесени на неговата чест или на неговиот углед.
2. Секое лице има право на законска заштита против ваквите мешања или повреди.

**Резолуција 68/167 на Генералното собрание на ОН**

Правото на приватност е значајно за реализацијата на правото на слобода на изразувањето, соопштување на сопственото мислење без мешање, што претставува едно од начелата на кои се темели демократското општество.

Но, дали националната правна рамка е доволна за да се справи со огромното влијание на глобалните трендови и исклучително брзиот развој на информациската технологија, а паралелно со тоа и развојот на новите облици на криминалитет?

Со донесувањето на Законот за заштита на личните податоци се поставува модерен концепт на загарантирано право на приватност со нови решенија во однос на обработката на личните податоци преку овозможување на:

- законско дефинирање на поимите од областа на заштитата на личните податоци како основни слободи и права на физичките лица, а особено правото на приватност во врска со обработката на личните податоци;
- почитување на начелото на отчетност и одговорност на ниво на контролор/обработувач, но и на ниво на држава;
- поставување на дополнителни обврски за контролорите/обработувачите за воспоставување на институтите приватност при дизајнирање на информациски системи што обработуваат лични податоци;
- процена на влијанието на предвидените процеси на обработка во однос на заштитата на личните податоци;
- воспоставување на контролен механизам на Агенцијата за заштита на личните податоци за консултирање во однос на предлози за какви било законски или подзаконски акти што вклучуваат обработка на личните податоци; и
- обврска за обезбедување дека Агенцијата за заштита на личните податоци ќе ги има сите неопходни ресурси за ефективно извршување на функциите и да ги извршува овластувањата, како и нагласување на нејзиното самостојно, независно и непристрасно функционирање.

Кога станува збор за приватноста како поширок концепт, всушност таа подразбира самостојно дејствување и дејствување на секое лице, без страв и опасност дека нивните постапки ќе бидат злоупотребени

од трети лица. Секое неовластено нарушување на тој концепт и навлегување во индивидуалната приватност претставува повреда на личноста, на нејзиното достоинство и на нејзината слобода.

**Исклучок од слободен пристап до информации**
Имателите на информации можат да одбијат барање за пристап до личен податок чие откривање би значело повреда на заштитата на личните податоци.
**(член 6, Закон за слободен пристап до информации)**

Иако во стручната литература постојат многу обиди да се дефинира приватноста како феномен, сепак единствена дефиниција не постои токму поради многуте аспекти што ги опфаќа приватноста.[11]

Во Законот за заштита на личните податоци се дефинирани поимите со кои се остварува целта на законот:

## ЛИЧЕН ПОДАТОК

секоја информација што се однесува на идентификувано физичко лице или физичко лице кое може да се идентификува (субјект на лични податоци), а физичко лице кое може да се идентификува е лице чиј идентитет може да се утврди директно или индиректно, особено врз основа на идентификатор како што се име и презиме, матичен број на граѓанинот, податоци за локација, идентификатор преку интернет или врз основа на едно или повеќе обележја специфични за неговиот физички, физиолошки, генетски, ментален, економски, културен или социјален идентитет на тоа физичко лице.

11 Соколовска А., Коцарев Љ., Предизвиците на интернетот и на информатичките технологии: праведност, одговорност, приватност. МАНУ, Прилози, 2018, стр. 138.

## КОНТРОЛОР

физичко или правно лице, орган на државната власт, државен орган или правно лице основано од државата за вршење на јавни овластувања, агенција или друго тело, кое самостојно или заедно со други ги утврдува целите и начинот на обработка на личните податоци, а кога целите и начинот на обработка на личните податоци се утврдени со закон, со истиот закон се определуваат контролорот или посебните критериуми за негово определување.

## ОБРАБОТУВАЧ

физичко или правно лице, орган на државната власт, државен орган или правно лице основано од државата за вршење на јавни овластувања, агенција или друго тело кое ги обработува личните податоци во име на контролорот.

## ОБРАБОТКА

секоја операција или збир на операции што се извршуваат врз личните податоци, или група на лични податоци, автоматски или на друг начин, како што се: собирање, евидентирање, организирање, структурирање, чување, приспособување или промена, повлекување, консултирање, увид, употреба, откривање преку пренесување, објавување или на друг начин правење достапни, усогласување или комбинирање, ограничување, бришење или уништување.

## КОРИСНИК

физичко или правно лице, орган на државната власт, државен орган или правно лице основано од државата за вршење на јавни овластувања, агенција или друго тело на кое му се откриваат личните податоци без разлика дали е тоа трето лице или не.[12]

---

12 Исклучок претставува состојбата кога органите на државната власт и државните органи на кои им се откриваат личните податоци во рамките на посебна истрага во согласност со законот, не се сметаат за корисници, при што обработката на овие податоци од овие органи мора да биде во согласност со важечките правила за заштита на личните податоци според целите на таа обработка, ЗЛП, чл. 4 т. 9.

Од голема важност е законското регулирање на критериумите според кои се балансира правото на заштита на личните податоци со слободата на изразување и информирање. Така, при овој процес[13] се внимава на:




Всушност, балансирањето претставува отстапување од правото на заштита на приватноста кога се работи за обработка на лични податоци за новинарски цели или за цели на академско, уметничко или литературно изразување,[14] но само во случај ако јавниот интерес преовладува над приватниот интерес на субјектот на лични податоци (чл. 81 ст. 3, ЗЛПП). Отстапките и исклучоците од заштитата на правото на приватност и балансирањето меѓу личните податоци и правото на информирање особено се применува во однос на обработката на личните податоци во аудиовизуелната област и во новинските архиви (news archives), како и во библиотеките со печатени изданија (press libraries) (чл. 81 ст. 2, ЗЛПП). Целта на вака поставениот член е да се обезбеди поголема заштита на приватноста на субјектите на личните податоци кога нивните податоци се обработуваат за цели на професионалното новинарство, а главната интенција е да се обезбеди претходна согласност

13 Член 81 став 4 од Законот за заштита на личните податоци, Службен весник, бр. 42/2020.
14 Покрај овие основи можат да се исклучат или да се отстапи и од одредбите од глава II (Начела), глава III (Права на субјектот на личните податоци), глава IV (Контролор и обработувач), глава V (Пренос на лични податоци) и глава VI (Агенција за заштита на личните податоци), како и одредбите од глава VII (Посебни операции на обработка на личните податоци) доколку тоа е потребно заради балансирање на правото на заштита на личните податоци со слободата на изразување и информирање, чл. 81 ст. 4 од Законот за заштита на личните податоци, Службен весник, бр. 42/2020.

од субјектот на личните податоци. Ваквата формулација покажува дека „привилегираната“ положба на новинарите не значи дека тие не треба да ги почитуваат начелата за заштита на личните податоци, туку мораат да проценат кога преовладува јавниот интерес, а кога приватниот интерес на личноста.[15]

**Контролорот гарантира дека ги почитува принципите за заштита на личните податоци, односно дека тие:**

- се обработуваат во согласност со законот;
- се собираат за конкретни, јасни цели, утврдени со законот;
- се обработуваат на начин што е во согласност со тие цели;
- се соодветни, релевантни и не се преобемни во однос на целите заради кои се собираат и се обработуваат;
- се точни, целосни и по потреба ажурирани, при што ќе се избришат или ќе се коригираат податоците што се неточни или нецелосни; и
- се чувани во форма што овозможува идентификација на субјектот на личните податоци не подолго од што е потребно да се исполнат целите поради кои податоците се собрани за понатамошна обработка
- се обработуваат согласно со закон, во доволна мера и на транспарентен начин во однос на субјектот на личните податоци („законитост, правичност и транспарентност“)

Заштитата на личните податоци се гарантира на секое физичко лице без дискриминација заснована на некоја лична карактеристика или претпоставка (чл. 5 ЗЗЛП), кое дава согласност во форма на слободно дадена, конкретна, информирана и недвосмислена изјавена волја, преку изјава или јасно потврдено дејство, а со кои се изразува согласност за обработка на неговите лични податоци (чл. 4 т. 11, ЗЗЛП).

Законот за заштита на личните податоци предвидува и посебни категории на лични податоци, односно:

✓**лични податоци** што откриваат расно или етничко потекло, политички ставови, верски или филозофски убедувања или членство во синдикални организации, како и генетски податоци, биометриски податоци, податоци што се однесуваат на здравјето или податоци за сексуалниот живот или сексуалната ориентација на физичкото лице;

15 Метаморфозис: Слободата на интернет во Македонија, 2017, стр. 166-167. Линк: https://metamorphosis.org.mk/wp-content/uploads/2018/09/dad6a750-e7c6-486f-b061-5d59a0f2eabb.pdf.

✓**генетски податоци** се лични податоци поврзани со генетските карактеристики на физичкото лице што се наследени или стекнати, а откриваат единствена информација за неговата физиологија или здравјето, која особено се добива со анализа на биолошки примерок од тоа физичко лице;

✓**биометриски податоци** се лични податоци што се добиваат преку специфична техничка обработка на физичките и физиолошките карактеристики на физичкото лице или карактеристики на неговото однесување, а преку кои се овозможува или се потврдува единствената идентификација на физичкото лице; и

✓**податоци што се однесуваат на здравјето** се лични податоци поврзани со физичкото или менталното здравје на физичкото лице, вклучувајќи и податоци за добиената здравствена заштита што откриваат информации за неговото здравје.

Обработката на посебните категории лични податоци е забранета, освен:

- кога субјектот на лични податоци дал изречна согласност за обработка на тие лични податоци за една или за повеќе конкретни цели;
- кога обработката е неопходна за целите на извршување на обврските и остварувањето на посебните права на контролорот или на субјектот на личните податоци во областа на вработувањето и социјалната сигурност и во прописите за социјална заштита, доколку тоа е дозволено со закон или со колективен договор;
- кога обработката е неопходна за заштита на суштинските интереси на субјектот на личните податоци или на друго физичко лицето;
- кога обработката се извршува во рамките на легитимните активности со соодветни заштитни мерки од одредена фондација, здружение или некоја друга непрофитна организација со политичка, философска, религиозна или синдикална цел и под услов обработката да се однесува само на членови на овие организации или на нивни поранешни членови или на лица кои имаат редовни контакти со нив во врска со нивните цели и под услов личните податоци

да не се откриваат надвор од таа организација без согласност на субјектите на личните податоци;
- кога обработката се однесува на лични податоци, кои очигледно се објавени јавно од субјектот на личните податоци;
- кога обработката е неопходна за воспоставување, практикување или одбрана на правни барања или секогаш кога судовите дејствуваат во рамките на нивните надлежности;
- кога обработката е неопходна поради причини од јавен интерес врз основа на законот пропорционално на целта и почитување на суштината на правото на заштита на личните податоци, како и обезбедување на соодветни и конкретни мерки за заштита на фундаменталните права и интереси на субјектот на личните податоци;
- кога обработката е неопходна за целите на превентивна или трудова медицина, за процена на работоспособноста на вработениот, медицинска дијагноза, обезбедување на здравствена или социјална нега или третман или за целите на управување со услугите и системите за здравствена или социјална заштита;
- кога обработката е неопходна за целите од јавен интерес во областа на јавното здравство; и
- кога обработката е неопходна за целите на архивирање од јавен интерес, за целите на научни и историски истражувања или статистички цели.

Агенцијата за заштита на личните податоци во април 2022 година предложи нови, дополнителни измени на ЗЗЛП, а како причини ги наведува следните:

– во Законот за заштита на личните податоци не се целосно имплементирани решенијата што ќе овозможат обезбедување на Агенцијата да ги има сите неопходни ресурси за ефективно извршување на нејзините функции и овластувања, со цел нагласување на нејзиното самостојно, независно и непристрасно функционирање како што е предвидено и во Регулативата (ЕУ) 2016/679 на Европскиот парламент и на Советот од 27 април 2016 година за заштита на физички лица во поглед на

обработката на лични податоци, за слободно движење на таквите податоци и за укинување на Директивата 95/46/ЕЗ (Општа регулатива за заштита на податоци), состојба што е нотирана и во Извештајот за Република Северна Македонија за 2021 година на Европската комисија, а со овие измени и дополнувања ќе се обезбеди целосна самостојност и независност во функционирањето на Агенцијата од аспект да може без влијание (мислења и одобрувања) од други институции да управува со ресурсите (човечки и финансиски);

– за да се усогласи предметниот Закон со новините што се однесуваат на преносот на лични податоци што почнаа да се применуваат во земјите-членки на Европската унија (Препораките на Одборот за заштита на личните податоци што се однесуваат на европските суштински гаранции и на мерките за пренос), во овие измени и дополнувања се предлагаат нови олеснувачки мерки за контролорите и обработувачите со цел да можат полесно да вршат пренос на лични податоци во трети земји и меѓународни организации;[16]

– Законот за заштита на личните податоци и подзаконските акти донесени врз него ја уредуваат заштитата на личните податоци во РСМ на ист начин и на исто ниво како да сме веќе полноправна членка на ЕУ, односно не се со одложна примена. Па, така, за разлика од други прописи со кои се врши усогласување на националното законодавство со законодавството на ЕУ, постојат одредби со одложна примена, односно дека одредени членови ќе се применуваат по пристапување на РСМ во ЕУ, додека, пак, со правната рамка за заштита на лични податоци се утврдува формулацијата дека одреден акт престанува да важи со пристапување на РСМ во ЕУ за да нема двојно регулирање на истото прашање, бидејќи кај нас е веќе регулирано како во ЕУ.

16 Агенција за заштита на личните податоци, Годишен извештај 2022, стр. 10. Линк: https://azlp.mk/wp-content/uploads/2023/.

## *1.2 ДРУГИ ЗАКОНИ И ПОДЗАКОНСКИ АКТИ ОД ОБЛАСТА НА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ И ПРАВОТО НА ПРИВАТНОСТ*

Масовната обработка на личните податоци во дигиталниот простор и засиленото темпо на развиток на технологијата, а со тоа и можноста за нивна злоупотреба, подразбира ажурирање на другите закони што на некој начин ги засегаат приватноста, заштитата на личните податоци и ефективното остварување на правата на приватност во онлајн-просторот.

Табела 1.
Други закони од областа на заштита на личните податоци и правото на приватност

| ЗАКОН | РЕЛЕВАНТНИ ОДРЕДБИ |
|---|---|
| Закон за платежни услуги и платни системи | Чл. 126 „давателот на платежни услуги ги обработува личните податоци на корисник на платежни услуги и согласно со ЗЗЛП“; чл. 150 „операторот на платен систем обработката на лични податоци ја врши согласно ЗЛП“ |
| Закон за спречување перење пари и финансирање тероризам | Чл. 36; чл. 72(5); чл. 91(4) и чл. 182 „личните податоци можат да се користат согласно со целите пропишани со овој закон и согласно со прописите со кои се уредува заштитата на личните податоци“ |
| Закон за здравствена заштита | Чл. 92-д „личните податоци на вработените во ЈЗУ можат да се пренесуваат преку електронско-комуникациска мрежа, само ако посебно се заштитени со соодветни технички и организациски мерки, така што нема да бидат читливи при преносот“ |
| Закон за заштита на правата на пациентите | Чл. 25 „пациентот има право на доверливост (тајност) личните и медицинските податоци, кои мора да се чуваат во тајност и после неговата смрт, во согласност со законот“ |

| | |
|---|---|
| Закон за социјална заштита | Чл. 24 „на корисникот на права и услуги од социјална заштита му се обезбедува тајност и заштита на личните податоци, согласно со законот“ |
| Закон за попис 2021 | Чл. 3, 5, 8, 17, 25, 33, 39, 40. „лицата кои се овластени како и вработените лица во ДЗС, се должни сите лични податоци да ги чуваат како доверливи за време и по Пописот“ |
| Закон за централен регистар на население | Чл. 3 „со одредбите од овој закон се уредува и пристапот и обработката на личните податоци содржани во Регистарот од страна на другите субјекти“ |
| Закон за правда на децата | Чл. 24 ст. 6 – Во регистарот се внесуваат податоци добиени со известувања од Министерството за внатрешни работи, Јавното обвинителство, училиштето или од друга институција во која детето е згрижено и се воспитува, како и од неговите родители/или/от, односно старатели/или/от, детето, оштетениот и од друго лице се чуваат како тајна согласно со прописите што се однесуваат на класифицираните информации и заштитата на личните податоци. |
| Закон за граѓанска одговорност за навреда и клевета | член 8 од ЕКЧП – заштита на приватниот живот, угледот и честа |
| Закон за кривична постапка | Глава XV Заштита на личните податоци |
| Закон за заштита на укажувачи | Цел закон – посебен механизам за заштита на идентитетот на укажувачот |

Покрај Законот за ратификација на Конвенцијата за заштита на лица во однос на автоматска обработка на лични податоци[17], Законот за ратификација на Дополнителниот протокол кон Конвенцијата за заштита на поединците во поглед на автоматска обработка на лични податоци, во врска со надзорните тела и прекуграничниот пренос на податоци[18] и Законот за ратификација на Протоколот за измена на Конвенцијата за заштита на лица во однос на автоматска обработка на лични податоци[19], јакнењето и заштитата на приватноста и на личните податоци на граѓаните на РСМ е уредена и во другите закони со кои се уредуваат прашањата поврзани со чување, пренос и обработка на личните податоци.

Сите закони и други прописи со кои се уредува собирањето, обработката, чувањето, користењето и доставувањето на лични податоци мораат да бидат усогласени со Законот за заштита на личните податоци. Во него, пак, е предвидено донесување на подзаконски акти – правилници, регистри, листи и сл., со кои поблиску се уредуваат одредени прашања од наведената област. Надлежен орган за донесување на подзаконските акти е директорот на Агенцијата за заштита на личните податоци со законски утврден рок од 18 месеци од денот на влегување во сила на законот (24.02.2020). Од табеларниот приказ во продолжение може да се согледа дека поголемиот дел подзаконски акти се донесени во мај 2020 година и изменети или дополнети две години подоцна, во август 2022 година.

17 Службен весник на РМ – Меѓународни договори, бр. 7 од 01.02.2005.
18 Службен весник на РМ – Меѓународни договори, бр. 103 од 19.08.2008.
19 Службен весник на РСМ – Меѓународни договори, бр. 152 од 07.07.2021.

Табела 2.
Подзаконски акти од областа на заштита на личните податоци и правото на приватност

| | |
|---|---|
| 1. | Правилник за безбедност на обработката на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 122/20) |
| 2. | Правилник за содржината и формата на актот за начинот на вршење на видеонадзор („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 122/20) |
| 3. | Правилник за изменување на Правилникот за содржината и формата на актот за начинот на вршење на видеонадзор („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 280/21) |
| 4. | Правилник за содржината на анализата на целта, односно целите за која се поставува видеонадзорот и извештајот од извршена периодична оценка на постигнатите резултати од системот за вршење видеонадзор („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 122/20) |
| 5. | Правилник за начинот на вршење на супервизија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 122/20) |
| 6. | Правилник за пренос на лични податоци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 122/20) |
| 7. | Правилник за обука за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 122/20) |
| 8. | Правилник за формата и содржината на службената легитимација и за начинот на нејзиното издавање и одземање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 122/20) |
| 9. | Правилник за процесот на проценка на влијанието на заштитата на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 122/20) |
| 10. | Правилник за начинот на известување за нарушување на безбедноста на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 122/20) |
| 11. | Правилник за известување за обработка на лични податоци со висок ризик („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 122/20) |

| | |
|---|---|
| **12.** | Листа на видовите операции на обработка за кои се бара проценка на влијанието врз заштитата на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 122/20) |
| **13.** | Листа на видовите операции на обработка за кои не се бара проценка на влијанието врз заштитата на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 122/20) |
| **14.** | Одлука за утврдување на стандардни договорни клаузули за пренос на лични податоци во трети земји* („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 280/21) |
| **15.** | Одлука за утврдување на стандардни договорни клаузули помеѓу контролорите и обработувачите* („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 280/21) |
| **16.** | Одлука за утврдување на Методологија за хармонизација на секторската легислатива („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 38/22). |
| **17.** | Правилник за дополнување на Правилникот за содржината на анализата на целта, односно целите за која се поставува видеонадзорот и извештајот од извршена периодична оценка на постигнатите резултати од системот за вршење видеонадзор („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 183/22). |
| **18** | Правилник за дополнување на Правилникот за формата и содржината на барањето за утврдување на прекршување на одредбите од законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 183/22). |
| **19.** | Правилник за дополнување на Правилникот за начинот на известување за нарушување на безбедноста на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 183/22). |



# 1.3 Стратешки документи

## *1.3.1 СТРАТЕГИЈАТА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ 2018-2022*

Овој стратешки документ бил изработен со поддршка на меѓународен експерт со цел да се одговори на глобалните трендови од областа на заштитата на личните податоци. При неговата изработка се внимавало на широкораспространетото вмрежено општество, брзото ширење на информациите преку интернет, обемната анализа на податоци, концептите на е-влада со бази на податоци што се поврзани меѓу себе, но и зголемениот меѓународен проток на податоци, соочување со прашања од национална и глобална безбедност и зголемени барања на јавноста за отчетност и транспарентност со зголемена контрола на надзорните органи.[20] Голема новина во овој стратешки документ е акцентот што се става на едукацијата на децата за правото на заштита на личните податоци.

Во годишниот извештај на АЗЛП, во делот на стратешки цели на Агенцијата (за 2018-2022) се споменува:

– Република Северна Македонија да биде препознаена како земја што обезбедува соодветно ниво на заштита на личните податоци;
– Воспоставување на самоодржлив систем за заштита на личните податоци;
– Континуирано зголемување на јавната свест и културата за заштита на личните податоци; 4. Континуирано унапредување на усогласеноста помеѓу контролорите и обработувачите на личните податоци;
– Континуирана соработка со партнерите;
– Зголемување на ефикасноста на административните процедури;
– Ефективно справување со меѓународните прашања; и

---

20 Академик: Новата Стратегија за спроведување на правото за заштита на личните податоци, објавено: 04.12.2017. Достапно на: https://akademik.mk/novata-strategija-za-sproveduvane-na-pravoto-za-zashtita-na-lichnite-podatotsi/.

– Обучен и мотивиран тим подготвен да одговори на предизвиците.[21]

Сепак, кон крајот на 2022 година, на Агенцијата ѝ биле одобрени серија настани преку кои ќе се почне со подготовка на новата десетгодишна Стратегија за спроведување на правото за заштита на личните податоци, со поддршка на програмата ТАИЕКС на Европската унија, што треба да биде донесена во догледно време.

### *1.3.2. КОМУНИКАЦИСКА СТРАТЕГИЈА 2018-2023*

Во својот најнов извештај[22], Агенцијата споменува реализација на активности од Комуникациска стратегија (2018-2023), меѓу кои и:

– Едукација и размена на информации преку директни средби со новинарите/медиумите и организирање обуки.
– Спроведување едукација и подигнување на свеста преку изготвување на информативно-едукативни материјали за клучни аспекти од заштитата на личните податоци што се насочени кон целните групи: деца, малолетници, адолесценти.
– Споделување на кратки информации за исходот и преземените дејства по некои предмети преку редовни објави на активностите на Агенцијата на нејзината интернет-страница.
– Организирање на заеднички настани или состаноци посветени на темата заштита на личните податоци преку вклучување на разни институции.
– Промоција и едукација за заштита на личните податоци во социјалните медиуми преку промовирање на добри практики и анализа на лошите практики при споделување на личните податоци.
– Континуирано активно учество во меѓународни форуми и настани, учество во механизми за размена на искуства, примена на модели и имплементација на најдобри практики.

---

21 Агенција за заштита на личните податоци, Годишен извештај 2022, стр. 6. Линк: https://azlp.mk/wp-content/uploads/2023/.
22 Агенција за заштита на личните податоци, Годишен извештај 2022, стр. 31. Линк: https://azlp.mk/wp-content/uploads/2023/.

# II.
# *ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА*

# 2. Институционална рамка

## *2.1 АГЕНЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ*

### *2.1.1 ПРАВА И НАДЛЕЖНОСТИ*

Агенцијата е самостоен и независен државен орган, надлежен да врши надзор над законитоста на преземените активности при обработката на личните податоци на територијата на Република Северна Македонија, како и заштита на темелните права и слободи на физичките лица во однос на обработката на нивните лични податоци. Таа е целосно политички, финансиски и функционално независна при извршувањето на своите надлежности и ги креира политиките, мерките и дејствата што треба да се преземаат за доследно спроведување на прописите за заштита на личните податоци на национално ниво.

**Надлежности, задачи и овластувања на Агенцијата**
Агенцијата не е надлежна да врши надзор над судовите кога постапуваат во рамките на нивните судски функции, освен за надзор над законитоста на преземените активности при другата обработка на лични податоци што се врши од страна на судовите согласно со закон.
**(чл. 64 ст. 2, ЗЗЛП)**

Усогласеноста на сите (секундарни) закони и прописи со одредбите од Законот за заштита на личните податоци е во надлежност на Агенцијата за заштита на личните податоци. Дополнително, Агенцијата е должна и за усогласување на законодавството на Република Северна Македонија со законодавството на Европската унија и правните инструменти на Советот на Европа во оваа област. За таа цел на иницијатива на Агенцијата е донесена и Одлука за утврдување на Методологијата за хармонизација на секторската легислатива.[23] Методологијата за хармонизација на секторската легислатива содржи насоки со кои се регулира постапувањето на министерствата во процесите за хармонизација, при што е опфатен процесот за проверка на постојните закони, како и процесот на спроведување на процената на влијанието на

23 Одлука за утврдување на Методологијата за хармонизација на секторската легислатива, Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 38/22.

законите од аспект на заштитата на личните податоци. Со други зборови, при конципирање на легислативата за која се надлежни, а се однесува на заштитата на приватноста и личните податоци, министерствата се должни да се хармонизирани со ЗЗЛП.

Агенцијата по сопствена иницијатива или по барање на Собранието, Владата или другите институции и тела **дава мислења**[24] за законодавните и административните мерки за заштитата на правата и слободите на физичките лица во однос на обработката на личните податоци, односно дава мислења по предлозите на прописите во областа на заштитата на личните податоци. Органите можат и **да се консултираат** со Агенцијата. Крајно, Агенцијата може и да *достави укажувања* кога органите на државната власт, прашањата поврзани со обработката и заштитата на личните податоци што треба да ги утврдат во закон, да ги пропишуваат со подзаконски акти и други прописи.




Извор: Агенција за заштита на лични податоци, Годишни извештаи 2022-2019

24 Листата на предлог-закони, подзаконски акти и други материјали за кои е дадено мислење во 2022 година е дадена во Анекс I.

До донесување на ЗЗЛП во 2020 година беше забележан слаб напредок во процесот на усогласување на секторската легислатива со Законот за заштита на личните податоци. Илустративно, дел од дадените мислења и препораки на Агенцијата (тогашна Дирекција), вклучително ЗИД на Законот за возила, ЗИД на Законот за банките, Законот за спречување перење пари и финансирање тероризам и др., воопшто не биле почитувани што е и нотирано во Годишниот извештај на ДЗЛ.[25] Со донесување на ЗЗЛП негативната практика на неконсолидираност и неусогласеност, односно недоставувањето предлози на законски и подзаконски решенија полека почна да се надминува, со што се придонесе кон конзистентност во правниот систем на Република Северна Македонија од аспект на доследно имплементирање, односно усогласување со начелата за заштита на личните податоци.

Согласно член 70 од ЗЗЛП, Агенцијата изготвува годишен извештај за својата работа, кој може да вклучува листа на повреди за кои била известена, како и за видовите на преземените мерки. Во најновиот извештај[26] е нотирано дека изминатата година е постапено по 300 претставки. Од нив, 77% се за злоупотреби на социјалните мрежи, а 23% за друг вид претставки од областа на заштита на личните податоци, меѓу кои и неовозможени услови за остварување на правата на субјектите на лични податоци, особено правото на пристап, исправка или бришење на лични податоци, обработка на лични податоци преку системот за вршење видеонадзор и необезбедување на претходно информирање на субјектите на лични податоци во однос на собирањето, обработката и чувањето на личните податоци.[27]

---

25 Дирекција за заштита на личните податоци, Годишен извештај 2018, стр. 12. Линк: https://azlp.mk/wp-content/uploads/2022/12/godisen_izvestaj_dzlp_2018.pdf.
26 Агенција за заштита на личните податоци, Годишен извештај 2022. Линк: https://azlp.mk/wp-content/uploads/2023/.
27 Агенција за заштита на личните податоци, Годишен извештај 2022, стр. 18. Линк: https://azlp.mk/wp-content/uploads/2023/.




Од важност за оваа анализа е високата бројка од 232 претставки што се однесуваат на социјалните мрежи во 2022 година. Според причината за пријавување, најкарактеристични се претставките од физички лица кои се однесуваат на лажни профили, понатаму за пробиени (хакирани) профили, претставки што се однесуваат за објавување на туѓи фотографии, видео- и аудио-снимки на туѓи профили на социјални медиуми, како и претставки што се однесуваат за навреда, клевета и уцена преку интернет. Според социјалната мрежа на која се однесуваат претставките, најголемиот број се однесуваат на „Фејсбук“ (116), потоа на „Инстаграм“ (103) и дополнително одреден број од претставките (18) се однесуваат на „Јутјуб“, „Тикток“, „Твитер“, „Снепчет“ и др.[28]

Претставки што се однесуваат на социјалните мрежи > 247 во 2021 г. (126 „Фејсбук“, 103 „Инстаграм“, 18 „Јутјуб“, „Тикток“, „Твитер“, „Снепчет“) > 246 во 2020 г. (147 „Фејсбук“, 60 „Инстаграм“, 39 „Јутјуб“, „Тикток“, „Твитер“, „Снепчет“, ВСЦО...) > 216 во 2019 г. (151 „Фејсбук“, 59 „Инстаграм“, 13 „Снепчет“, „Јутјуб“, „Тикток“, „Твитер“, „Тиндер“, „Јаху“...)

Интересно е што во периодот од 2019 година наваму е забележан зголемен број поплаки од граѓаните во врска со креирањето на лажни профили на социјалните мрежи, но и пријави поврзани со вршење на кривични дела, навреди, уцени и закани, за кои Агенцијата не е надлежна да постапува.

---

28 Агенција за заштита на личните податоци, Годишен извештај 2022, стр. 18. Линк: https://azlp.mk/wp-content/uploads/2023/.

# III.
# ПРАВА НА ГРАЃАНИТЕ КАКО СУБЈЕКТИ НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

# 3. Права на граѓаните како субјекти на личните податоци

Секој граѓанин треба да знае дека личните податоци, односно нивната обработка се врши на начин и во форма утврдени со законот. Физичкото или правното лице, орган на државната власт, државен орган и сл., мораат да ги преземат сите неопходни мерки за обезбедување информации наведени во ЗЗЛП на концизен, транспарентен, разбирлив начин и во лесно достапна форма. Со други зборови, тоа мора да е сторено со користење на јасен и едноставен јазик, особено кога станува збор за информации што се наменети за деца.

**СУБЈЕКТОТ НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ ИМА ПРАВО:**

- да биде информиран за идентитетот на контролорот и неговиот претставник во Република Македонија
- да знае кои лични податоци се чуваат за него во електронска или во хартиена форма
- да ги знае целите на обработката на неговите лични податоци
- да оствари увид во збирката на лични податоци
- да ги знае корисниците или категории на корисници на податоците на пристап и исправка на податоците
- да не се согласи со употребата на податоците за комерцијални цели или нивни пренос на трети лица заради такви цели

**Кои права ги имаат граѓаните?**

право на исправка и бришење

право на преносливост

право на исклучување на автом. обработка

право на ограничување на обработка

ПРАВО НА ПРИСТАП

право на приговор

Секој граѓанин може да побара **обезбедување пристап** до личните податоци со кои располага физичкото, односно правното лице во својство на контролор. Тој/тие имаат законска обврска да го известат граѓанинот со кои и какви лични податоци располагаат (категории на лични податоци), како ги обработуваат, на кој начин и од кои извори ги собираат личните податоци, дали и под кои услови ги споделуваат, колку долго ги чуваат и дали во целиот процес постои автоматизиран процес на одлучување, вклучувајќи и профилирање. Ако лицето чии податоци се обработуваат смета дека податоците не се точни или се нецелосни или ако смета дека податоците треба да бидат дополнети заради исполнување на целта за која се обработуваат, тогаш тоа има право да побара **исправка и дополнување** на личните податоци. Во случаите, пак, кога лицето смета дека личните податоци веќе не се потребни, односно целта за која податоците биле наменети е исполнета, тогаш може да бара остварување на **правото на бришење**. Ова право може да биде остварено и во случаите кога лицето веќе не е согласно да се обработуваат неговите податоци, има вложено приговор за обработка на личните податоци, смета дека податоците се незаконски обработени или е/бил малолетник или претставува малолетник во моментот на собирање на личните податоци. **Правото за ограничување обработка на податоците** може да се оствари кога лицето ја оспорува вистинитоста на личните податоци, смета дека обработката е незаконска, смета дека податоците не му се потребни на контролорот и бара верификација дека легитимните интереси на контролорот преовладуваат над неговите интереси како субјект на личните податоци.

Ако лицето смета дека неговите/нејзините лични податоци се обработуваат за јавен или легитимен интерес вклучително профилирање, ако се цел на директен маркетинг и профилирање поврзано со директен маркетинг или податоците служат за научни, статистички или историски цели и истражувања може да **поднесе приговор** за обработка на лични податоци. Лицето може да го оствари своето **право на исклучување од автоматско донесување на поединечни одлуки и профилирање** што предизвикува правни последици за него или на сличен начин значително влијае на него. Секој граѓанин има законско право да ги добие личните податоци во структуриран, вообичаено користен или машински читлив формат. Воедно, лицето може да побара податоците да бидат пренесени на друг контролор. Правото на преносливост може да оствари за лични податоци што се обработуваат врз основа на согласност или договор и на автоматизиран начин.

## 3.1 Што се случува во случај на нарушување на безбедноста на личните податоци?

Законот за заштита на личните податоци прецизно го уредува прашањето за нарушување на безбедноста на личните податоци. Во таков случај контролорот веднаш и не подоцна од 72 часа откако дознал за тоа е должен да ја извести Агенцијата за нарушувањето на безбедноста на личните податоци. Исклучок претставува веројатноста нарушувањето на безбедноста на личните податоци да создаде ризик за правата и слободите на физичките лица. Кога известувањето до Агенцијата не е поднесено во рок од 72 часа, заедно со известувањето[29] треба да биде доставено и образложение за причините за доцнењето. Обработувачот

29 Известувањето мора да го содржи најмалку следното: (а) опис на природата на нарушувањето на безбедноста на личните податоци, вклучувајќи ги категориите и приближниот број на засегнати субјекти на личните податоци, како и категориите и приближниот број на засегнати евидентирани лични податоци; (б) наведување на името, презимето и контакт-податоци на офицерот за заштита на личните податоци или на друго лице за контакт, од кое можат да се добијат повеќе информации; (в) опис на можните последици од нарушувањето на безбедноста на личните податоци; (г) опис на преземените или предложените мерки од страна на контролорот за справување со нарушувањето на безбедноста на личните податоци, вклучувајќи соодветни мерки за намалување на можните негативни ефекти (чл. 37 ст. 3 од ЗЗЛП).

е должен да го извести контролорот веднаш, откако дознал за нарушување на безбедноста на личните податоци. Контролорот ги документира сите нарушувања на безбедноста на личните податоци, вклучувајќи ги фактите поврзани со нарушувањето на безбедноста на личните податоци, нивните последици и преземените активности за справување со нарушувањето (чл. 37, ЗЗЛП).

**Нарушување на безбедноста на личните податоци**
Во случај на нарушување на безбедноста на личните податоци, операторот на јавни електронски комуникациски услуги е должен веднаш, но не подоцна од 24 часа од моментот на утврдување на нарушувањето на безбедноста на личните податоци, да достави до Агенцијата за заштита на личните податоци известување за нарушување на безбедноста на личните податоци. Во истиот рок е должен да го извести и претплатникот, односно физичкото лице.
**(член 167, Закон за електронските комуникации)**

Во случај на нарушување на безбедноста на личните податоци, за кое постои веројатност да предизвика висок ризик за правата и слободите на физичките лица, контролорот веднаш го известува субјектот на личните податоци за нарушувањето на безбедноста на личните податоци. Во известувањето[30] до субјектот на лични податоци, на јасен и едноставен јазик се опишува природата на нарушувањето на безбедноста на личните податоци. Ако контролорот не го известил субјектот на личните податоци за нарушувањето на безбедноста на личните податоци, Агенцијата, по констатирање на веројатноста дека нарушувањето на безбедноста на личните податоци предизвикува висок ризик, може да побара од контролорот да извести за нарушувањето или да одлучи дека е исполнет некој од условите согласно законот (чл. 38, ЗЗЛП).

30 Известувањето до субјектот на личните податоци не е задолжително, доколку е исполнет еден од следните услови: (а) контролорот применил соодветни технички и организациски мерки за заштита и тие мерки биле применети во однос на личните податоци засегнати од нарушувањето на безбедноста на личните податоци, особено мерки што ги прават личните податоци неразбирливи за секое лице кое нема овластување за пристап до нив, како што е криптирањето; (б) контролорот применил дополнителни мерки што гарантираат дека веќе не постои веројатност за појавување на висок ризик за правата и слободите на субјектите на личните податоци од став (1) на овој член; (в) ако известувањето бара несразмерен напор. Во таков случај, се врши јавно известување или се применува друга слична мерка со која субјектите на личните податоци ќе бидат еднакво информирани на ефикасен начин (чл. 38 ст. 3 од ЗЗЛП).

Со други зборови, ако лицето сметка дека му е нарушено некое законски заштитено право, тој може да поднесе Барање за утврдување на прекршување на одредбите од Законот за заштита на личните податоци преку посебен образец[31] до Агенцијата. Лицето чии права се повредени во Барањето мора да ги наведе причините и податоците за контролорот за кој смета дека ги повредил неговите законски права. Следно, Агенцијата, во законски наведениот рок, го информира подносителот на барањето за текот и исходот на постапката со решение и го известува за можноста за судска заштита. Секој субјект на лични податоци има право на ефективна судска заштита, кога Агенцијата не постапила по барањето или не го информирала субјектот на лични податоци во рок од три месеци за исходот на постапката по поднесеното барање. Во секој случај, за поднесеното барање Агенцијата спроведува супервизија во законски утврдена постапка (чл. 97 и 98).

## 3.2 Доставени известувања до Агенцијата за заштита на лични податоци за нарушување на безбедноста на личните податоци

Статистички, известувањата од контролорите од јавниот сектор се зголемени во 2022 година во однос на претходната, 2021 година, што може да се оцени позитивно благодарение на зајакната свест и правилната примена на ЗЗЛП. Така, во 2022 година се забележани пет известувања за нарушување на безбедноста на личните податоци од јавен сектор, за разлика од едно известување во 2021 година. Преостанатите 14, од вкупно 19 известувања во 2022 година, се од контролори од приватниот сектор. Во 2021 година имало вкупно девет известувања од кои осум од контролори во приватниот сектор. И покрај зголемениот број на поднесени барања за нарушување на безбедноста на личните податоци, контролорите сè уште се соочуваат со предизвик кога треба да разграничат инцидент од нарушување на законски загарантирани

31 Образецот е приложен во Анекс II.

права, ниту можат да разграничат веројатен ризик за контролорот и веројатен ризик за правата и слободите на субјектот на личните податоци. Според АЗЛП[32], контролорите немаат целосно воспоставен систем за документирање и известување и се плашат да достават известување за нарушувањата на безбедноста на личните податоци до Агенцијата, иако тоа претставува нивна законска обврска.

На тоа укажуваат и наодите од најновата вонредна супервизија на Агенцијата во Управата за водење на матични книги (УВМК) по отворениот случај за злоупотреба на личните податоци на македонските граѓани во кој утврдува дека имало сериозни пропусти при т.н. дигитализација на матичните книги. Имено, во јули 2023 година Државната комисија за спречување на корупција (ДКСК) обелодени случај што се однесува на спорен тендер на приватна фирма за дигитализација на матичните книги што содржат податоци за родени, умрени и венчани граѓани на РСМ.[33]

> Од Агенцијата за заштита на личните податоци било побарано да изврши вонредна супервизија во УВМК, со цел да се провери кој сѐ имал пристап до скенираните документи за лични податоци, како биле чувани, дали биле заштитени, дали воспоставениот систем за нивна заштита бил ефикасен и ефективен и дали тие се употребени за незаконски цели.

Доследни на укажувањата во годишните извештаи дека главен проблем претставува немање на соодветен систем за документирање и известување, и во овој случај АЗЛП нотира дека **„контролорот**, односно УВМК нема евиденција за хардверот, серверите и софтверските апликации на кои личните податоци се обработуваат, нема логови за влез во матичната евиденција, личните податоци се складирани на сервер без да може да се идентификува кој има пристап до серверот, економските оператори ги собирале податоците без придружба од службени лица од УВМК, просторијата каде што се скенирале личните записи не била

---

32 Агенција за заштита на личните податоци, Годишен извештај 2022, стр. 14. Линк: https://azlp.mk/wp-content/uploads/2023/.
33 Мета.мк: Сомнежи за пробиени матични книги и трговија со личните податоци на граѓаните, објавено 19.07.2023, извор достапен на: https://meta.mk/matichnite-knigi-probieni-trgovija-so-lichnite-podatoci-na-gragjanite/.

физички обезбедена, не може да се утврди идентитетот на лицето кое пристапило до софтверските модули каде што се внесени скенираните записи и личните податоци, преносните медиуми не биле заштитени, немало докази за превенирање на неавторизиран пристап до личните податоци, не се знае кој пристапил до личните податоци, каде истите биле изнесени, каде **завршиле и со каква цел“**.[34]

34 Мета.мк: Сомнежи за пробиени матични книги и трговија со личните податоци на граѓаните, објавено 19.07.2023, извор достапен на: https://meta.mk/matichnite-knigi-probieni-trgovija-so-lichnite-podatoci-na-gragjanite/.

# IV.
# СПРАВУВАЊЕ СО КИБЕРНАПАДИ И КОМПЈУТЕРСКИ ИНЦИДЕНТИ

# 4. Справување со кибернапади и компјутерски инциденти

Надоврзано на претходниот случај, битно е да се напомене дека кога станува збор за заштита на личните податоци од кибернапади или компјутерски инциденти, поединците чии лични податоци се компромитирани не ја водат „институционалната битка“ за заштита на нивните податоци, бидејќи во такви ситуации не е нападнат поединецот како субјект, туку контролорот. Најатрактивни за вакви напади се контролорите кои имаат големи количества лични податоци, како што се државни институции, банки, телеком оператори, авиокомпании, болници итн., кои потоа се предмет на уцена за откуп на компромитираните или хакираните податоци. Во тој случај, битката за заштитата и ревитализацијата е многу поголема на товар на контролорот отколку на поединецот, кој честопати, иако незаконски, може и да не знае што се случило со неговите/нејзините податоци.

Оттука, во редот на институционалната рамка за заштита на личните податоци се вбројува и МКД-ЦИРТ. Тоа е Национален центар за одговор на компјутерски инциденти (MKD-CIRT)[35], кој ќе претставува официјална национална точка за контакт и координација во справувањето со безбедносните инциденти кај мрежите и информациските системи и ќе идентификува и ќе обезбедува одговор на безбедносни инциденти и ризици, во состав на Агенцијата за електронски комуникации. Конституенти на MKD-CIRT се:

- Сите министерства, јавната администрација и услугите на Владата на Република Македонија,
- Операторите на критичната инфраструктура во Република Македонија, и
- Големи организации во банкарскиот, транспортниот, комуникацискиот, здравствениот, енергетскиот и други стратешки сектори во Република Македонија.

35 МКД-ЦИРТ, https://mkd-cirt.mk/za-nas/.

На интернет-страницата на МКД-ЦИРТ има образец за пријавување на компјутерски инциденти. Оваа институција има превентивна улога и методи за пресретнување на компјутерски напади и инциденти, вмрежена е со исти вакви институции на меѓународно ниво и има брз проток и дојава на информации за можни закани.

Во практиката, проблемот е што голем дел од горецитираните субјекти што можат и треба да се поврзат воопшто не го знаат тоа, па така и ова останува дел од потребата за јакнење на свеста и градењето култура за превенција од кибернапади и компјутерски инциденти или рапидно справување со нив како добар механизам за заштита на личните податоци.

## 4.1 Примери на компјутерски напади што довеле или можеле да доведат до злоупотреба на личните податоци

1. Македонската јавност беше потресена од веста[36] дека податоци на корисниците, вклучително и личните податоци на граѓаните, се украдени од Фондот за здравствено осигурување. Општата паника следуваше по изјавите на премиерот и министерот за внатрешни работи дека информатичкиот систем на ФЗО е хакиран со софтвер наречен „ransomware“, а хакерите барале откуп за да го ослободат системот.[37] За побрзо надминување на состојбата, на оперативните тимови од Министерството за здравство и ФЗО им помогнаа експерти од Германија и други меѓународни партнери.[38]

---

36 еМагазин: Од Фондот за здравство тврдат дека податоците на граѓаните се безбедни и дека не се украдени, објавено на 17.02.2023, достапно на: https://emagazin.mk/od-fondot-za-zdravstvo-tvrdat-deka-podatocite-na-gra-anite-se-bezbedni-i-deka-ne-se-ukradeni/.
37 еМагазин: Системот на ФЗО хакиран со „ransomware“, хакерите бараат откуп за да го „ослободат“, објавено на 17.02.2023, достапно на: https://emagazin.mk/sistemot-na-fzo-hakiran-so-virusot-ransomware-hakerite-baraat-otkup-za-da-go-oslobodat/.
38 еМагазин: Странци ќе го оправаат системот на Фондот за здравствено осигурување по хакерскиот напад, објавено на 16.02.2023, достапно на: https://emagazin.mk/stranci-e-go-opravuvaat-sistemot-na-fondot-za-zdravstveno-osiguruva-e-po-hakerskiot-napad/.

2. Но, во екот на зачестени хакерски напади на државните институции, училиштата и трговските центри како дел од посериозна хибридна војна, не само во РСМ туку и пошироко, македонските граѓани се изложени на секојдневни измами на социјалните мрежи. Се чини дека како држава сме лесна мета на разни измамнички шеми и многу лекомислено, без размислување, споделуваме лични податоци за добивање на „парични награди“, „патувања“ и „бесплатни производи“. Само во текот на 2023 година[39] има над 20 обиди за измама и злоупотреба на лични податоци преку наменски креирани страници на „Фејсбук“ со слична содржина. Неупатените граѓани без проблем ги споделуваат личните информации за кредитни или дебитни картички, кои за кратко време се злоупотребени, без да ги добијат ветените „награди“.




39 Извор Мета.мк, Новинарска агенција, линк: https://meta.mk/tag/lichni-podatotsi/.

3. Хакерскиот напад врз интернет-страницата на Државната изборна комисија на самиот изборен ден, како и обвинувањата за технички слабости на апликацијата отворија прашања за начинот на којшто институциите го штитат изборниот процес. Паѓа интернет-страницата на Државната изборна комисија, која е основниот извор за следење на изборните резултати. Новинарите и јавноста не можат да добијат никаква информација од ДИК со часови.

Иако ДИК е претплатена на заштита што треба да ги отфрли брзо ваквите напади ако се случат и да го врати серверот на хакнатиот сајт колку што е можно поскоро во функција. Нападот е прекинат во моментот кога интервенира меѓународната телекомуникациска компанија „А1 Австрија“[40].

40 Извор ИРЛ, истражувачка репортерска лабораторија, линк: https://irl.mk/khibridni-voni-ko-dozvoli-da-se-khakne-izborniot-den/.

# V.

# *НАДЛЕЖНОСТИ НА СУДСТВОТО И ЈАВНОТО ОБВИНИТЕЛСТВО ВО ОВОЗМОЖУВАЊЕ НА ЕФИКАСНА ПРАВДА ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ И ПРАВОТО НА ПРИВАТНОСТ ВО ДИГИТАЛНИОТ ПРОСТОР*

# 5. Надлежности на судството и јавното обвинителство во овозможување на ефикасна правда за заштита на личните податоци и правото на приватност во дигиталниот простор

Секој граѓанин на РСМ како субјект на лични податоци има право на ефективна судска заштита кога смета дека му се повредени правата како резултат на обработката на неговите лични податоци спротивно на ЗЗЛП. Исто така, секое лице има право на ефективна судска заштита против правно-обврзувачката одлука на Агенцијата што се однесува на него, притоа не доведувајќи ги во прашање кои било други управни или вонсудски средства за правна заштита.

**Овластувања**
Агенцијата има овластување да ги известува судовите за повредите на одредбите од овој закон, како и според потребите да почне или на друг начин да учествува во судски постапки, со цел спроведување на одредбите од овој закон.
**(чл. 66 ст. 5, ЗЗЛП)**

Субјектот на лични податоци своето право го остварува со поднесување тужба до надлежниот суд согласно со законот.

Јавното обвинителство, пак, во духот на почитување на ЗЗЛП, целосно го инкорпорира правото на заштита на личните податоци. Јавните обвинителства во Република Северна Македонија – Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, вишите јавни обвинителства и основните јавни обвинителства, согласно својот делокруг на работење, а со цел остварувањето на функцијата на гонење на сторителите на кривични дела и прекршоци, вршат собирање, чување и обработка на лични податоци. Заради кривично-правна обработка при постапувањето во конкретни предмети, јавните обвинителства ги обработуваат сите податоци неопходни за потребите на кривично-правната постапка. Обработката на лични податоци се врши во хартиена форма и електронски, а по потреба, согласно законот, се врши и размена на лични податоци со други институции (во функција на кривично-правна обработка и за реализација на договорни обврски).

## 5.1 Судска практика од областа на заштитата на личните податоци и правото на приватност

### *5.1.1 СУДСТВО*

Секое лице, покрај правото на поднесување барање до Агенцијата, има право на ефективна судска заштита против одлуките на Агенцијата и право на ефективна судска заштита против контролор или обработувач. Од друга страна, ако се незадоволни од решенијата донесени од страна на Агенцијата за заштита на личните податоци, контролорите можат да поднесат тужба до Управниот суд, односно да поведат управен спор.

Во текот на 2018 и 2019 година биле поведени 25 управни спорови. Од нив, управните судови одлучувале и донеле одлуки (пресуди и решенија) од кои во 23 случаи било потврдено решението на Агенцијата. Таквиот факт е еден вид потврда и признание за Агенцијата како надлежен орган за доследно спроведување на Законот за заштита на личните податоци. Во 2020 година биле поведени 10 нови управни спорови против решенија на Агенцијата, но и добиени 19 пресуди од управни спорови што биле поведени претходните години. Во 2021 година биле поведени 20 управни спорови против решенија на Агенцијата, за што биле подготвени 20 одговори на тужба до Управниот суд. Во тековната година биле добиени 18 одлуки од управните судови. Во 2022 година поведени се седум управни спорови против решенија на Агенцијата, за кои се подготвени седум одговори на тужба и доставени до Управниот суд. Во анализираната година добиени се десет одлуки од Управниот суд по поведени управни спорови.

Ако претрпат материјална или нематеријална штета како резултат на прекршување на одредбите од ЗЗЛП, граѓаните на РСМ имаат право да добијат надоместок од контролорот или обработувачот за претрпената штета.

Агенцијата за заштита на личните податоци изрече глоба во износ од 380.109,72 денари за сторен прекршок на Контролорот друштво за угостителство, туризам и трговија и глоба во износ од  21.522 денари за одговорното лице кај Контролорот за сторен прекршок, задржувал и чувало лични карти на гостите по нивно евидентирање во книгата за гости се до нивното заминување.

Агенцијата за заштита на личните податоци на Контролор друштво за угостителство, туризам и трговија му  изречена глоба во износ од 190.055 денари за сторен прекршок и глоба во износ од  18.447,5 денари за одговорното лице кај Контролорот бидејќи не овозможил непречено вршење на вонредна супервизија во системот за видео надзор.

Агенцијата поведе три вонредни супервизии по поднесени барања од три физички лица, кои тврдеа дека финансиското друштво (контролор) одобрило онлајн кредит во износ од 90.000 денари, на други физички лица кои ги употребил нивните лични податоци со користење на телефонски броеви кои не се нивни и без притоа да им се утврди идентитетот при поднесување на барањата за кредит.

Агенцијата за заштита на личните податоци изрече три глоби во вкупен износ од 653.160 денари на финансиско друштво за брзи кредити и три глоби во износ од 55.347 денари за одговорното лице кај финансиско друштво бидејќи издале онлајн кредити без да го утврдат идентитетот на три лица. Изречена е и глоба во износ од 380.109 денари за прекршок на Друштво за угостителство, туризам и трговија и глоба во износ од 21.522 денари за одговорното лице за задржување лични карти.

Во поглед на кривично-правната заштита, Кривичниот законик предвидува парична казна или затвор до една година за лице кое, спротивно на условите утврдени со законот, без согласност на граѓанин прибира, обработува или користи негови лични податоци. Истата казна е предвидена и за сторител кој ќе навлезе во компјутерски информатички систем на лични податоци со намера, користејќи ги за себе или за друг, да оствари некаква корист или на друг да му нанесе некаква штета.

Ниската казна предвидена за злоупотреба на лични податоци и нарушување на правото на приватност, вклучително и во дигиталниот простор, логично повлекува изрекување казни што се поблиску до законски предвидениот минимум или условени казни.

Ако се направи преглед на изречени казни во изминатите три години, ќе се забележи дека судиите имаат тенденција да изрекуваат парична казна во висина од 30 дневни глоби, односно 18.450 денари, во определени случаи се одлучуваат за повисока казна од 50 дневни глоби, односно 30.750 денари, а преостанатите во другите случаи се изрекуваат условни казни од три месеци затвор што нема да се ефектуираат

доколку сторителот не направи ново кривично дело во времето на проверување, што судиите најчесто го определуваат на една година.

Табеларниот приказ на случајно избрани пресуди од основните судови во РСМ, во временски период од 30.12.2019 до 1.08.2023 година, заедно со правната основа и образложението за стореното дело, се дадени во Анекс IV.

### *5.1.2 ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО*

Позначајни случаи на јавните обвинителства во РСМ во поглед на заштитата на приватноста и личните податоци се предметите поврзани со групите „Јавна соба“ оформени на социјалната мрежа „Телеграм“.

Во предметот во јавноста познат како „Јавна соба 1“, Основното јавно обвинителство Скопје на 05.02.2021 година донесе Наредба за спроведување на истражна постапка против две лица за кривично дело – Производство и дистрибуција на детска порнографија по член 193-а став 3 во врска со став 1 од Кривичниот законик. Во периодот од 19.12.2019 година до 28.01.2020 година, двајцата осомничени, како основач и модератор на групата, биле должни да се грижат за содржината на текстуалните и аудиовизуелните содржини што се споделуваат од членовите на групата. Но, тие со умисла дозволиле на групата да се направи достапна содржина – аудиовизуелен материјал на кој се прикажани очигледни полови дејства со дете. На социјалната мрежа „Телеграм“ групата „Јавна соба 1“ е згасната. Креаторот и администраторот на групите добија по четири години затворска казна.

Предметот во јавноста познат како „Јавна соба 2“ е во фаза на предистражна постапка. Основното јавно обвинителство Скопје, преку Министерството за внатрешни работи, на 27.1.2021 година се обрати до Меѓународниот сервис провајдер за услуги – „Телеграм“, за да ги добие реалните податоци за корисничките профили на креаторите, администраторите и членовите на групата. За утврдување на кривична

одговорност во групата „Јавна соба 2“, согласно својата надлежност, постапуваат повеќе јавни обвинителства во државата, при што се издадени наредби за вештачења и барања за обезбедување податоци:

- Во Основното јавно обвинителство Велес во врска со „Јавна соба 2“ оформен е предмет и донесена е Наредба за спроведување на истражна постапка против едно лице поради постоење на основано сомнение дека го сторило кривичното дело – Производство и дистрибуција на детска порнографија од член 193-а став 3 во врска со став 2. Имено, при вештачење на мобилниот телефон на осомничениот, пронајдени се видеозаписи со детска порнографија.
- Во Основното јавно обвинителство Битола е оформен предмет во врска со „Јавна соба 2“. Обвинителството издаде наредби за вештачење на цеде и на мобилен телефон во насока на прибирање на материјални докази и утврдување факти во предметот. По пристигнување на извештајот од извршеното вештачење ќе биде донесена одлука за понатамошниот тек на постапката.
- Се постапува и во Кавадарци, каде што во тек е прибирање на материјални докази, за кои обвинителството во моментов не е во можност да сподели детали.
- Оформен предмет има и во Основното јавно обвинителство Прилеп, каде што од пријавеното лице се одземени два мобилни телефона и издадена е наредба за нивно вештачење.

Во зависност од обезбедените вербални и материјални докази во текот на претходната постапка овие предмети поврзани со групата „Јавна соба 2“, ќе биде одредена и правната квалификација што ќе произлезе за наведените кривично-правни настани.

Другите случаи на постапување на јавните обвинителства во државата во случаи кога постои основано сомневање дека е сторено кривично дело Злоупотреба на лични податоци од член 141 од Кривичниот законик, основата за покренување обвинение и кратко образложение на стореното дело, се дадени во Анекс III.

## 5.2 Идентификување недоследности на судството и јавното обвинителство во овозможување на ефикасна правда за заштита на човекови права, правото на приватност и лични податоци во дигиталниот простор

Од анализираните судски предмети, покренатите обвиненија од јавното обвинителство и секојдневните примери од практиката со кои се соочуваме, се чини ниту надлежните ниту граѓаните докрај ги разбираат правата за заштита на лични податоци и приватност.

Би почнале со националната легислатива, односно Кривичниот законик. Во член 149 е пропишана забраната за злоупотреба на личните податоци и соодветните казни за прекршување на законската одредба. Со тоа што казната за нелегално прибирање, обработка и користење на лични податоци, без оглед дали е тоа сторено генерално или по пат на компјутерски информатички систем, е сведена на парична казна, односно затвор до една година, се дава можност на судиите да изрекуваат казни што се поблиски до законскиот минимум, односно се условни казни. Од анализата на судските предмети може да се заклучи дека:

- За злоупотреба на лични податоци, судиите начесто изрекуваат парична казна, и тоа 30 дневни глоби, каде што една дневна глоба е 615 денари или вкупна парична казна од 18.450 денари.
- Ако се определат за условна казна, тогаш изрекуваат условна казна затвор од три месеци ако лицето во период од една година не стори ново казнено дело.
- Судиите од ист суд имаат тенденција да изрекуваат иста казна за кривичното дело од чл. 149 ст. 1 и ст. 2, на пример, ОС Охрид – парична казна, ОС Струмица – условни казни итн.
- Казните за ова кривично дело се разликуваат во различни судови, односно не постои уедначеност на судска практика.
- Помалите судови изрекуваат повисоки казни, на пример, ОС Радовиш изрекол 60 глоби, односно 30.750 денари за дело за кое сторено под слични околности во ОС Охрид е изречена двојно помала парична казна.

- Судиите не ги подведуваат околностите под соодветните ставови на чл. 149 од КЗ. На пример, за дело сторено „...со неговиот мобилен телефон го снимал оштетениот, па истиот ден снимениот видеозапис без дозвола на оштетениот го споделил на профилот на обвинетиот A.S. на социјалната мрежа 'Фејсбук' по што оштетениот бил препознаен по неговиот лик" во пресудата стои дека обвинетиот сторил кривично дело од чл. 149 ст. 1, а не ст. 2. Олеснителна е околноста што казните за двата става се идентични.
- Со воспоставување на правна практика на изрекување на условени парични казни за дела со кои се злоупотребува правото на заштита на лични податоци, како во случајот на ОС Кавадарци (К. бр. 156/20) не може да се очекува остварување ниту на специјална ниту на генерална превенција.
- Јавните обвинителства редовно постапуваат по пријави за злоупотреби на личните податоци, но особено внимание се посветува на предмети што привлекуваат медиумско внимание или се инволвирани странски држави. Како најчест вид обвиненија се злоупотреба на личните податоци со цел сторителот за себе противправно да прибави материјална или друга корист преку поткуп, уцена и сл.
- Во своите известувања, а во насока на почитување на начелото на транспарентност, обвинителствата споделуваат кратки соопштенија дека е во тек предистражна постапка за одреден предмет и дека е прибавена релевантна документација без да се навлегува во суштината на предметите, освен ако не станува збор за предмет за кој е заинтересирана јавноста.
- Македонските граѓани се лесна мета на измамниците на социјалните мрежи што на едноставен начин, со креирање на лажни страници на социјалните мрежи многу брзо ги добиваат и ги злоупотребуваат нивните лични податоци.
- Потребна е постојана, гласна кампања за заштита на личните податоци и правото на приватност!

# 5.3 Градење на правосудните капацитети за мериторно одлучување за заштита на личните податоци и приватност со примери на судска практика на ЕСП

Покрај кривично-правната заштита на личните податоци и приватноста, судовите во процесните постапки исто така треба да внимаваат на оваа заштита. Постои посебна глава во Законот за кривична постапка, но не постојат одредби за ваква заштита во Законот за парнична постапка, Законот за вонпарнична постапка, Законот за семејство и други како закони што содржат и процесни одредби. Сепак, не постои правна пречка одредбите од ЗЗЛП директно да се применат ако правната ситуација го налага тоа.

И во земјите-членки на ЕУ не е секогаш јасно до која мера треба одреден национален закон што уредува процесни дејства да се приспособи кон националниот закон за заштита на личните податоци на таа земја, па честопати од една до друга правна ситуација судиите ќе мораат сами мериторно да одлучуваат како да ја заштитат приватноста и прекумерното откривање на личните податоци, односно ќе мораат да го одмерат тестот на пропорционалност и тестот на правен интерес.

За да се обезбеди уедначена примена на правилата за примена на Регулативата за лични податоци GDPR на ниво на ЕУ, Европскиот суд на правдата (или Судот на ЕУ) веќе има постапено во постапка за прелиминарно одлучување која постапка служи како автентично толкување за тоа како конкретни одредби од GDPR треба да бидат применети од страна на националните судови. Оваа постапка се води по поставено прашање од национален суд или трибунал на една земја-членка, но одлуката на Судот (ЕСП) има правна сила во сите земји-членки и таа станува формален извор на правото.

Иако во РСМ судската практика не е формален извор на правото, како земја-кандидат за членство и како држава што е целосно усогласена со

GDPR, ваквите пресуди се корисни, треба да се соодветно преведени и споделени со судиите, особено преку континуирана обука.

*I Предмет C-268/21, Барање за прелиминарно одлучување, Norra Stockholm Bygg AB v Per Nycander AB*[41]

На втори март 2023 година, Судот на правдата на ЕУ одлучи, во случајот C-268/21, дека GDPR се применува за создавање докази во граѓански судски постапки. Случајот поставува одредени ограничувања, но не го исклучува генерирањето на лични податоци во судските постапки.

Имено, станува збор за судски спор меѓу градежна компанија и нејзин клиент за плаќање на извршени градежни работи. Клиентот (тужител) побарал од шведскиот суд да ѝ наложи на градежната компанија да достави копија од својот електронски регистар на вработени, кој, меѓу другото, го содржи идентитетот на лицата вклучени во градежните работи и часовите што ги работеле – градежните компании се обврзани да одржуваат такви регистри според шведскиот даночен закон. Од ова требало да се утврди висината на надоместокот на градежните работи. Градежната компанија се спротивставила на наредбата, тврдејќи дека повторната употреба на регистарот во контекст на граѓански спор е некомпатибилна со првичната цел на регистарот и затоа не е дозволена според GDPR. Шведскиот Врховен суд го предаде предметот до ЕСП, барајќи одговори за тоа дали GDPR се применува на создавањето докази што содржат лични податоци во судските постапки; и дали националните судови, кога проценуваат дали треба да се нареди производство на докази што содржат лични податоци, треба да ги земат предвид интересите на засегнатите субјекти на податоците.

Судот (ЕСП) оцени дека создавањето докази што содржат лични податоци наредено од суд во контекст на судски постапки претставува обработка на податоци според GDPR. Судот оцени дека, во овој случај, обезбедувањето на регистарот по судски налог има поинаква цел (т.е.

41 Case C-268/21, достапен на https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/PDF/?uri=CELEX:62021CA0268.

граѓанска постапка) од онаа за која првично биле собрани податоците (т.е. даночна усогласеност).

Сепак, според судот, оваа „секундарна употреба“ на регистарот била дозволена врз основа на член 6(1)(д), (3) и (4) GDPR, бидејќи „секундарната употреба“ била направена според националното право или правото на ЕУ што бара да се заштити целта наведена во член 23(1) од GDPR. Судот смета дека правилното спроведување на правдата – на пример, преку доставување документи до судот – е една од тие цели. Резултатот од ова е дека, при процената дали откривањето документи во судските постапки е во согласност со GDPR, националните судови ќе треба да спроведат процена од случај до случај за тоа дали релевантните одредби од националното право или правото на ЕУ според кои податоците што се обелоденуваат исполнуваат една од тие цели во член 23(1) од GDPR и дали се неопходни и пропорционални за да се исполнат тие цели. Онаму каде што е оправдано само делумно откривање на лични податоци, судот треба да разгледа мерки за минимизирање на податоците, како што е псевдонимизација.

*II Предмет C245/20, Барање за прелиминарно одлучување, Rechtbank Midden-Nederland (District Court, Central Netherlands)*[42]

Во октомври 2018 година, на судско рочиште во Холандија, на Z (странка во постапката) и X (претставник на Z) им се обратил новинар. Во текот на разговорот, X забележал дека новинарот има документи од списите по предметот, вклучително и документи што тој самиот ги подготвил, на кои е прикажано неговото име и неговата адреса, како и националниот матичен број. Новинарот рекол дека тој добил пристап до документите според правото на пристап до списите на предметот што му го одобрил судот. Ова писмено го потврдил претседателот на судот, кој рекол дека на медиумите им доставил документи што се однесуваат на нерешени случаи што новинарите ги следеле на судењата тој ден како што се копии од известувањето за жалба, одговорот и, онаму каде што е соодветно,

42 https://curia.europa.eu/juris/liste.jsf?language=en&td=ALL&num=C-245/20

оспорената судска одлука, а воедно им биле и дадени упатства дека по завршувањето на судењето документите треба да бидат уништени на крајот на денот. X и Z се пожалија до холандската управа за заштита на податоци, која се оградила од тоа дека нема овластување да ги надгледува операциите за обработка на лични податоци на судот. X и Z ја оспорија оваа одлука пред Окружниот суд на Холандија, кој постави прашање за прелиминарно одлучување до ЕСП за тоа дали член 55(3) од GDPR, кој предвидува дека „Надзорните органи не се надлежни да ги надгледуваат процесите на процесирање на судовите што постапуваат во нивните судски капацитети“, значи дека судот што привремено им става на располагање на новинарите документи што содржат лични податоци од судски постапки спаѓа во рамките на извршувањето на неговиот „судски капацитет“ од страна на тој суд. Во тој контекст, тој праша дали, за да се одговори на тоа прашање, е неопходно да се разгледа мешањето што може да го има вршењето на своите овластувања на надзорниот орган во независноста на судиите во конкретни случаи. Исто така, тој праша дали е неопходно да се земе предвид природата и целта на тоа да се стават достапни процедуралните документи, т.е. да им се овозможи на новинарите да известуваат за текот на судската постапка или дали тоа достапување има експлицитна правна основа во домашното право.

Судот оцени дека GDPR јасно се применува на процесните дејства на судот, на пример, член 55(3), и исклучува каква било надлежност на надзорниот орган во однос на операциите за обработка што ги вршат судовите „кои дејствуваат во нивните судски капацитети“.

Заштитата на независноста на судството значи обезбедување дека судските функции се извршуваат целосно автономно. Затоа, „постапувањето во нивните судски капацитети“ мора да се сфати како да не е ограничено на обработката на личните податоци што ја вршат судовите во конкретни случаи, туку како што се однесува пошироко на сите операции за обработка што ги извршуваат судовите во текот на нивните судски активности.

Затоа, иако природата и целта на обработката извршена од страна на судот главно се однесуваат на испитувањето на законитоста на таа обработка, природата и целта исто така можат да укажат дека обработката спаѓа во вршењето на работата во рамките на „судскиот капацитет" на тој суд.

Според мислењето на СПЕУ, одлучувањето дали да се направат достапни документи на новинарите во даден случај за да им се овозможи прецизно известување за постапката беше јасно поврзано со користењето на нивните „судски капацитети", а чиј надзор од надворешен орган би можеле да ја поткопаат, генерално, независноста на судството.

ЕСП оцени дека согласно член 55(3) судот што привремено им става на располагање на новинарите документи од судски постапки што содржат лични податоци со цел да им се овозможи да известуваат за текот на тие постапки спаѓа во рамките на дејствувањето во неговиот „судски капацитет".

## 5.4 Релевантни пресуди на ЕСЧП од областа на заштита на личните податоци

Со развојот на интернетот и дигиталните комуникации се развиваат и правата на граѓаните. Вредно да се спомене е правото да се биде заборавен (the right to be forgotten), чија суштина е во можноста секое лице да наложи на имателите на информации, односно на интернет-пребарувачите („Гугл", „Јаху", „Бинг", „Mosила") да отстранат интернет-страници, постирани од трети лица, доколку со нивната содржина се повредува честа и угледот или приватноста на лицата.[43] Најпознат европски случај, каде што се конституира ваквото право, е пресуда на Судот на правдата на ЕУ во Луксембург, бр. C-131/12 од 13.05.2014 година.[44]

---

43 Прочитај повеќе во Остварување на правото на слобода на изразување – теорија и практика, ИЧП и ЦУП, 2017, стр. 11-12. Достапно на:https://www.ihr.org.mk/storage/app/media/Publications/Pravo_na_slobodata_na_izrazuvanje_MK_web.pdf.
44 Google Spain SL and Google Inc. v Agencia Española de Protección de Datos, Mario Costeja González. Линк: https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?uri=CELEX%3A62012CJ0131.

Во својата пресуда во овој случај, Судот одлучил да ја поддржи одлуката на шпанските судови, кои му наложиле на „Гугл“ да отстрани определена содржина од пребарувачот, поради тоа што таа била „застарена и небитна“, а со неа се повредувало правото на заштита на лични податоци.

Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП), во своите одлуки што имаат значење на судски преседани, го заштитува правото на приватност во член 8 од ЕКЧП, пропишувајќи дека секој човек има право на почитување на неговиот приватен живот, а јавната власт не смее да се меша во остварувањето на ова право, освен ако тоа мешање е предвидено со законот и ако претставува мерка што е во интерес на државната и јавната безбедност, економската благосостојба на земјата, заштитата на поредокот и спречувањето на кривични дела, заштитата на здравјето и моралот или заштитата на правата и слободите на другите во едно демократско општество.

Од позначајните пресуди на ЕСЧП[45] ги издвојуваме следните:

**Право на дете родено со сурогат-мајчинство на приватен живот (D.B. and Others v. Switzerland, nos. 58817/15 and 58252/15, § ..., 22 November 2022)**

Предметот се однесувал на истополови двојки, кои биле регистрирани партнери и склучиле гестациски договор за сурогат-мајчинство во Соединетите Американски Држави, врз основа на кој бил роден третиот жалител, со мнозинство од шест гласови „за“ и еден „против“, дека дошло до повреда на член 8. Општата и апсолутна неможност да се добие признавање на односот помеѓу детето и првиот жалител во текот на значителен временски период претставувала непропорционално мешање во правото на третиот жалител на почитување на приватниот

45 Релевантни пресуди на ЕСЧП од областа на заштита на правото на лични податоци се достапни на: https://www.rolplatform.org/ и https://biroescp.gov.mk/%d0%bf%d1%83%d0%b1%d0%bb%d0%b8%d0%ba%d0%b0%d1%86%d0%b8%d0%b8/.

живот според член 8. На тој начин, Швајцарија ја пречекорила својата граница на слободно уверување со тоа што не усвоила навремена законска одредба за таквата можност.

**Прислушување на телефонска комуникација во 2004 година во контекст на кривичната постапка (Potoczká and Adamčo v. Slovakia, no. 7286/16, § ..., 12 January 2023)**

Жалителите, Анита Поточка и Бранислав Адамчо се партнери, а предметот се однесува на прислушкување на телефонска комуникација во 2004 година во контекст на кривичната постапка за изнуда против г. Адамчо. Прислушкуваниот мобилен телефон ѝ припаѓал на г-ѓа Поточка, но – според властите – бил користен од г. Адамчо. Судот заклучи дека мешањето во правото на жалителите на почитување на нивниот приватен живот и кореспонденција не било во согласност со законот. Оттаму, утврдена е повреда на член 8 од Конвенцијата во однос на двата жалители.

**Системско објавување на лични податоци на даночни должници [L.B. v. Hungary (GC), no. 36345/16, § ..., 9 March 2023]**

Предметот се однесува на унгарската законодавна политика за објавување на личните податоци на даночните обврзници што имале даночни долгови. Подносителот на претставката се пожалил дека неговото име и домашната адреса биле објавени на списокот на „големи даночни должници“ на веб-сајтот на даночните власти во согласност со законските измени од 2006 година на релевантното даночно законодавство. Законските измени биле направени во 2006 година со цел да се вклучат даночните должници во програмата (шемата) за објавување. Поконкретно, делот 55(5) бил додаден на Законот за даночна администрација од 2003 година, според кој Даночната управа се обврзува да објавува листа на „големи даночни должници“, вклучувајќи ги и личните податоци на оние чии даночни долгови надминуваат десет милиони унгарски форинти во временски период подолг од 180 дена.

## Право на политичарите на приватност (application no. 33776/20 Bojan Pajtić v Serbia, lodged on 13 July 2020, communicated on 10 November 2021)

Иако ЕСЧП оваа жалба ја прогласи за недопуштена, сепак случајот е интересен за анализа. Подносителот на претставката е српски политичар кој бил на позицијата претседател на Покраинската влада на автономната покраина Војводина во Република Србија од 2004 до 2016 година. Од 2014 до 2016 година, тој бил и лидер на Демократската партија. Судот на почетокот повторува дека угледот е заштитен со член 8 од Конвенцијата како дел од правото на почитување на приватниот живот. Меѓутоа, за член 8 да стапи на сила, нападот на угледот на една личност мора да достигне одредено ниво на сериозност и да биде изведен на начин што доведува до повреда на личното уживање на тоа право. Не било спорно дека член 8 е применлив во конкретниот предмет. Понатаму, во случаи кога, како во конкретниот предмет, се активира член 8 заради интересите на „заштитата на угледот или правата на другите“, од Судот може да се побара да потврди дали домашните власти постигнале правична рамнотежа при заштитата на двете вредности загарантирани со Конвенцијата, имено, од една страна, слободата на изразување заштитена со член 10 и, од друга, правото на почитување на приватниот и семејниот живот предвидено во член 8.

## Право на приватност на германски актер [Axel Springer AG v. Germany (no. 2), no. 48311/10, § ..., 10 July 2014]

Германски весник објавил фотографии и во неколку наврати известувал за актер и неговата поврзаност со дрогата. Во едно известување биле ставени три фотографии на насловна страница. Актерот се пожалил пред судот во Германија, каде што било одлучено дека приватноста на овој актер била повредена со објавувањето на фотографиите. Судот ја забранил објавата на веста и фотографиите со што на весникот му била досудена казна.

## Неоснована обработка на личните податоци на жалителите и изложување на информации за нивната здравствена состојба (J.M. and A.T. v. North Macedonia no. 79783/13, § ..., 22 October 2020)

Жалителите Ј. М. и А. Т., кои биле пациенти во Центарот за лекување зависници „С. Е.“ при ЈЗУ Струмица, тврдеа дека им било повредено правото на почитување на нивната приватност поради тоа што инспектори на СВР Струмица имале пристап во нивните медицински досиеја. Всушност, по претходно пријавен случај од страна на болницата поради недостаток и евентуална злоупотреба на раствор „sol. metadon“, во април 2010 година на двајца инспектори од СВР Струмица, без законска основа и без судски налог, им биле дадени на увид и предадени медицински листи што ги содржеле целосното име и презиме, како и количеството на метадонска терапија што ја примале пациентите, вклучително и двајцата жалители. Во јуни 2010 година, на барање на полицијата болницата им достави копии од споменатите листи за дневна распределба на метадон, меѓутоа тие не ги содржеле имињата и презимињата на пациентите. Полицијата ја продолжи истрагата за пријавениот случај и во август 2010 година го извести Јавното обвинителство во Струмица дека било утврдено дека немало елементи на кривично дело во однос на исчезнатиот метадон и дека се работело за грешка сторена од вработен, а медицинските листи што ги содржеле личните податоци на двајцата жалители биле вратени на болницата. Судот едногласно утврдил повреда на член 8 и утврдил дека домашните судови не воспоставиле правилна рамнотежа помеѓу заштита на правата на пациентите и правата на полицијата да има пристап до чувствителни медицински податоци без судски налог.

**Следење на употребата на интернетот од страна на вработен на неговото работно место и користење на податоците што биле собрани за да се оправда неговото отпуштање (Bărbulescu v. Romania [GC], no. 61496/08, § ..., 5 September 2017)**

Жалителот бил отпуштен од страна на неговиот работодавец, приватна компанија, поради употреба на интернет-мрежата на компанијата во текот на работното време, спротивно на интерните прописи што ја забранувале употребата на компјутерите на компанијата за лични цели. Извесен период, неговиот работодавец ги следел неговите комуникации на „Јаху месинџер“, чие отворање било побарано од него со цел да одговара на прашања од клиентите. Записите што биле обезбедени за време на домашната постапка покажале дека тој разменувал пораки што биле од чисто приватна природа со други лица. Во постапката, според Конвенцијата, жалителот тврдел дека прекинот на неговиот договор се засновал на повреда на неговото право на почитување на неговиот приватен живот и преписката и дека домашните судови не успеале да го заштитат тоа право. Судот утврдил повреда на член 8.

**Објавувањето на решението на интернет-страницата на Комисијата на 27 мај 2013 година пред неговата правосилност (Karajanov v. the former Yugoslav Republic of Macedonia, no. 2229/15, § ..., 6 April 2017)**

На 27 мај 2013 година, Комисијата за верификација на факти (Комисијата) во лустрациска постапка констатирала дека жалителот соработувал со државните безбедносни служби. Според тоа, одлучила дека жалителот го исполнил условот за ограничување на неговата кандидатура и вршење на јавна функција. Врз основа на друго досие, бр. 2599, Комисијата утврдила дека жалителот, додека бил главен и одговорен уредник на весник во 1962 година и подоцна, давал информации на тајните безбедносни служби за негов колега, за статиите на неговиот колега и за неговите односи со други луѓе. Решението на Комисијата било објавено на нивната интернет-страница на 30 мај 2013 година. Тоа содржело информација за местото на раѓање на жалителот, неговиот матичен број и функциите што ги

имал вршено. Решението му била врачено на жалителот на четврти јуни 2013 година. Жалителот се жалел дека објавувањето на решението на интернет-страницата на Комисијата на 27 мај 2013 година пред неговата правосилност предизвикало сериозни негативни ефекти врз неговиот углед, достоинство и морален интегритет и го прекршило неговото право на почитување на приватниот и семејниот живот, во согласност со член 8 од Конвенцијата. Судот утврдил повреда на член 8.

Пресудите на Европскиот суд за човековите права се од исклучително значење за формирање на европските правни критериуми, а истовремено се од голема помош за разбирањето на концептот на заштитата на приватноста.

## 5.5 Процесно и институционално јакнење на правосудните органи кога се во улога на контролори

Заштитата на личните податоци има специфични карактеристики во зависност од природата на засегнатите функции. Кога дејствуваат во своето правосудно својство, судовите и обвинителствата подлежат на посебни барања што произлегуваат од природата на тие функции и од потребата да се почитуваат принципите на независност и отвореност. Кога дејствуваат во своето правосудно својство, судовите и обвинителствата собираат и обработуваат лични податоци со цел да се обезбеди правилно водење на судските постапки и да се осигури дека процедуралните документи им се доставуваат на странките во постапката. Оваа обработка е исто така наменета да овозможи релевантни информации за судските постапки, без разлика дали се во тек или се затворени, да се шират, во согласност со принципот на отворени судови. Но, правосудните органи се наоѓаат и во ситуации кога е неопходно да обработуваат лични податоци кога постапува надвор од своето судско или обвинителско својство. Од тие причини, неопходно е судовите и обвинителствата да имаат свои правила за заштита на личните податоци кога се во улога на контролори.

Судовите водат голем број бази на податоци или уписници по предмети каде што се чуваат личните податоци на странките. Хоризонтален пропис што го уредува начинот на водење на овие бази и внесување на податоците е Судскиот деловник, Службен весник на РМ, бр. 66 од 9.5.2013 година [46] По однос на личните податоци во судскиот деловник ги има само следните членови:

- член 287 за Давање податоци од казнената евиденција согласно кој се утврдува дека податоците од казнената евиденција можат да се даваат само под условите пропишани со законот, а врз основа на барање поднесено согласно одредбите од Кривичниот законик и деловникот;
- член 288, кој утврдува дека ако граѓанинот бара податоци за осудуваност или неосудуваност заради остварување на права во странство, должен е во барањето да наведе кои права има намера да ги оствари во странство; и
- член 130 за анонимизација на одлуките согласно кој овластениот судски службеник, откако ќе добие известување преку автоматизираниот компјутерски систем за управување со судските предмети дека одлуката е верифицирана и експедирана до странките (кај првостепените судови), односно до пониските судови (кај повисоките судови), во рок од два дена ја анонимизира таквата одлука (правосилна или неправосилна) и ја објавува на интернет-страницата на судот согласно Законот за управување со движењето на предметите во судовите и донесеното упатство за начинот на објавување и пребарување на судските одлуки на интернет-страницата на судот.

Имајќи предвид дека судовите имаат заедничка интернет-страница, односно Судскиот портал на Република Северна Македонија – www.vrsm.mk, на него не е објавен судскиот деловник, ниту, пак, има политика за заштита на личните податоци или политика на приватност.

---

46 Судски деловник, достапен на https://www.pravda.gov.mk/upload/Documents/sudski_delovnik_2014.pdf.

Во делот на објавени документи можат да се најдат неколку подзаконски акти за приватност и заштита на личните податоци што се донесени од претседателот на Основниот суд Охрид и претставуваат политика на приватност на Основниот суд Охрид[47] . Препорака е ваквите правилници да се приспособат и да се однесуваат на сите судови. А затоа што со порталот управува Врховниот суд на ВРСМ, политиката на приватност на судовите треба да биде донесена од него.

По однос на институционалното јакнење за политиките на приватност и заштита на личните податоци, исто така само за Основен суд Охрид објавен е план за обука во оваа област[48] . Во годишниот план се предвидува обука на офицерот за заштита на личните податоци и обука на претседателот на судот и судиите во Основен суд Охрид.

Овде општа препорака е со цел подигнување на свеста за постоењето на потребата на заштитата на личните податоци, ваква обука да се спроведе за сите судии, односно таква да биде предвидена со Календарот за обуки на судските службеници за тековната година.

Офицерите за заштита на личните податоци и други вработени во судската администрација да посетат обука организирана од Агенцијата за заштита на личните податоци, која е надлежно регулаторно тело кога судовите и обвинителствата се јавуваат во улога на контролори.

---

47 Правилник за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци, достапно на http://www.vsrm.mk/wps/wcm/connect/osohrid/f7d8c57e-3480-4edb-8711-4191cfa841a9/Pravilnik+za+tehni+merki.pdf?MOD=AJPERES&CVID=oqCf72D&CVID=oqCf72D&CVID=ofB8V1S&CVID=ofB8V1S&CVID=ofB8V1S&CVID=ofB8V1S&CVID=ofB8V1S.

48 Процедура за доделување на кориснички привилегии за овластените лица кои вршат обработка на лични податоци, ОСНОВЕН СУД ОХРИД, достапно на http://www.vsrm.mk/wps/wcm/connect/osohrid/e1a1355f-f481-432a-8bfd-de6eab1f4a5e/Procedura+koris+privilegii.pdf?MOD=AJPERES&CVID=oqCfrpv&CVID=oqCfrpv



# VI.
# ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

# 6. ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

## 1. Унапредување на правната рамка за заштита на лични податоци, особено усогласување на секторската легислатива

Оваа анализа опфаќа и идентификува закони што имаат поврзаност со заштитата на личните податоци и приватноста, но имајќи предвид дека личните податоци навлегуваат во сите сфери на живеењето и се комплексна материја, неопходно е понатамошно идентификување на секторската легислатива што бара усогласување со одредбите на ЗЗЛП. Агенцијата за заштита на личните податоци има потпишан меморандум за соработка што овозможува усогласување на секторско законодавство со Законот за заштита на личните податоци. За предлагачите (министерствата) кои треба да ги усогласат законите со Законот за заштита на личните податоци и за тоа што треба претходно да преземат за да ги усогласат нивните постапки со Законот, Агенцијата има изготвено Методологија за хармонизација на секторска легислатива, која содржи насоки за тоа како предлагачите (министерствата) треба да постапат за да ги усогласат законите со Законот за заштита на личните податоци, како и насоки во однос на процена на влијание на законите врз заштитата на личните податоци. Основна препорака што доаѓа од Агенцијата е министерствата прво да ги идентификуваат законите што треба да се изменат или да се дополнат за да бидат во согласност со Законот за заштита на личните податоци и да ја користат можноста за претходна консултација со Агенцијата во процесот на подготвување на новата легислатива.

## 2. Поголема отчетност на контролорите

Агенцијата и нејзината улога се широкопрепознаени во јавноста според она што го сведочат и податоците од извештаите за постапки и барања за заштита што стигнале до Агенцијата. Како дополнителен предизвик останува улогата на контролорите кои се должни да ја известат АЗЛП секогаш кога постои нарушување на безбедноста на личните

податоци, бидејќи според податоците на АЗЛП многу е повисок бројот на пријави во споредба со бројот на известувањата за нарушувањето на безбедноста на личните податоци од страна на контролорите кои ги добива АЗЛП. Известувањето е законска обврска на контролорите (во рок од 72 часа) и треба дополнителен напор за подигнување на свеста од неминовноста контролорите навремено и редовно да ја исполнуваат оваа своја законска обврска.

## 3. Справување со тенденцијата на пораст на повреди на правото на приватност и насоки/заклучоци за подобрување на стандардите и заштитните механизми

Заштитата на личните податоци е дел од културата на едно општество. Како граѓани ретко размислуваме за тоа каде ги оставаме нашите лични податоци, кому сè му доверувавме лични документи што содржат такви податоци во интерес да завршиме некаква работа или да добиеме некаква услуга. Последиците ги сознаваме дури откако ќе биде предоцна и нашите податоци се злоупотребени. Неопходни се повеќе јавни кампањи и настани за подигнување на јавната свест со реални примери од секојдневието со цел да се изгради посилна култура за заштита на приватноста и личните податоци.

## 4. Потреба од зголемување на безбедноста на ИТ-системите на институциите (апропо наведени случаи на кибернапади)

Неопходно е препознавање на улогата на МКД-ЦИРТ и воспоставената соработка и поврзаноста на институциите со МКД-ЦИРТ како нејзини конституенти и како оператори на критична инфраструктура, особено за оние што се големи контролори, како еден од начините за зголемување на безбедноста на ИТ-системите на институциите.

## 5.Заклучоци во однос на најчесто поднесени обвиненија

Од важност за оваа анализа е високата бројка од 232 претставки што се однесуваат на социјалните мрежи во 2022 година. Според причината за пријавување, најкарактеристични се претставките од физички лица кои се однесуваат на лажни профили, понатаму за пробиени (хакирани) профили, претставки што се однесуваат за објавување на туѓи фотографии, видео- и аудио-снимки на туѓи профили на социјални медиуми, како и претставки што се однесуваат за навреда, клевета и уцена преку интернет. Според социјалната мрежа на која се однесуваат претставките, најголемиот број се однесуваат на „Фејсбук“ (116), потоа на „Инстаграм“ (103) и дополнително одреден број од претставките (18) се однесуваат на „Јутјуб“, „Тикток“, „Твитер“, „Снепчет“ и др.1[49] Оттука се надоврзува и заклучокот дека како најчест вид обвиненија се злоупотреба на личните податоци со цел сторителот за себе противправно да прибави материјална или друга корист преку поткуп, уцена и слично.

## 6.Заклучоци во однос на ефикасноста на судството и јавното обвинителство

Неопходно е градење на капацитетите на судиите и обвинителите за постапување во случаи со заштита на личните податоци. Прибегнување кон изрекување на ниски казни не дејствува превентивно за сторителите да се воздржуваат од повторно сторување на делата. Зголемениот број пријави укажува на зачестеноста на овие дела. Градењето на капацитетите, особено на судовите, е неопходно и поради потребата од заштита на личните податоци во процесните дејства кога судовите постапуваат во рамките на својот судски капацитет. Одлуките на Европскиот суд на правдата потврдуваат дека и во отсуство на експлицитни правила судиите честопати мериторно мораат да одмерат и да одлучат до кој степен ќе ја овозможат заштитата на личните податоци визави други права. Европскиот суд за човекови

49 Агенција за заштита на личните податоци, Годишен извештај 2022, стр. 18. Линк: https://azlp.mk/wp-content/uploads/2023/.

права, пак, има корпус на пресуди што на судиите можат да им бидат водич или помошна алатка во носењето на своите одлуки. Неопходно е континуирана обука на судиите и обвинителите, особено затоа што ова е динамична материја што рапидно се менува како и онлајн-просторот.

## 7. Потреба од процесно и институционално јакнење на правосудните органи кога се во улога на контролори

Препораките за правосудните органи по однос на потребата од јакнење на капацитетите за заштита на лични податоци е иста како и за сите други контролори. Овие органи водат регистри и уписници и поседуваат големи количества лични податоци. Неопходни се соодветни политики за приватност и акти што ја гарантираат безбедноста на податоците – дозволен пристап, чување, анонимизација, бришење итн. Недостигаат акти на ниво на сите судови и на ниво на сите обвинителства што би покажале дека има униформна практика по однос на ова прашање. Неопходни се соодветни обуки. Обуката не треба да биде наменета само кон офицерите за лични податоци туку и администрацијата што работи со нив.

# АНЕКС I

Листа на предлог-закони, подзаконски акти и други материјали за кои е дадено мислење од АЗЛ

| Год | Пропис | Министерство |
|---|---|---|
| 2022 | Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за гранична контрола | Министерство за внатрешни работи |
| | Нацрт-текст на Договорот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Романија за зацврстување на соработката во областа на внатрешната контрола и спречување и борба против корупцијата | Министерство за внатрешни работи |
| | Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за странците | Министерство за внатрешни работи |
| | Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата | Министерство за труд и социјална политика |
| | Предлог на Законот за изменување и дополнување на Законот за социјална политика | Министерство за труд и социјална политика |
| | Предлог на Законот за канцеларија за поврат на имот | Министерство за правда |
| | Предлог на Законот за кривичната постапка | Министерство за правда |
| | Предлог на Законот за изменување и дополнување на Законот за Народната банка на Република Северна Македонија | Министерство за финансии |
| | Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за Управата за јавни приходи | Министерство за финансии |
| | Информација за објава на сервис на платформата за интероперабилност за користење податоци од базата на транспортери во Министерството за транспорт и врски, при вршење контрола од страна на контролните органи и граѓаните | Министерство за транспорт и врски |
| | Информација за јавно објавување на предметите за изборот на избрани/именувани лица на Владата на Република Северна Македонија како раководители на институции | Влада на Република Северна Македонија |

| | | |
|---|---|---|
| | Информација за подобрување на транспарентноста и отчетноста на институциите од јавниот сектор преку објавување на задолжителните информации согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер на веб-локациите на институциите, како и објавување на најчесто побаруваните информации систематизирани по области и предлог-заклучоците во однос на неа | Влада на Република Северна Македонија |
| | Информација за состојбите и потребите од подобрување на Системот за управување со кризи во делот на справување со пожари на отворен простор | Влада на Република Северна Македонија |
| | Правилник за начинот и условите за вршење на видеонадзор во казнено-поправните и воспитно-поправните установи | Министерство за правда, Управа за извршување на санкциите |
| | Предлог-текст на Уредбата за организацијата и функционирањето – воспоставувањето на единствениот комуникациско-информативен систем со единствен број на повик – јавување во случај на ризици, опасности и други несреќи на целата територија на Републиката (Е-112) | Влада на Република Северна Македонија, Центар за управување со кризи |

# АНЕКС II

Поднесени обвиненија за злоупотреба на лични податоци [50]

| Јавно обвинителство | Основа | Дело |
|---|---|---|
| ОЈО Гостивар | Злоупотреба на лични податоци од член 149 став 1 КЗ | Осомничената без согласност, на 14 и 15 мај 2021 година, во неколку наврати преземала фотографии од фејсбук-профилот на малолетната ќерка на оштетената и ги прикачувала на нејзиниот личен профил. На така преземените фотографии додавала непримерни и лажни коментари, кои предизвикале чувство на омаловажување кај оштетената и нејзината ќерка. |
| ОЈО Скопје | Уцена и Злоупотреба на лични податоци од член 149 став 1 КЗ | Осомниченото лице со намера за себе да прибави имотна корист, ја уценувал поранешната девојка со можно објавување на нејзини разголени фотографии на една од социјалните мрежи. Снимките направени додека тие биле во сексуална врска, осомничениот делумно ги објавил, по што ѝ се заканил на оштетената дека доколку не му даде 5.000 денари фотографиите ќе ги објави во целост. По пријавување на уцената во полициска станица, оштетената на договорена средба, на осомничениот му дала однапред криминалистички обработени финансиски средства, по што осомничениот бил фатен и лишен од слобода. |
| ОЈО Гостивар | Злоупотреба на лични податоци од член 149 став 1 КЗ | Обвинетиот 26-годишник од Врапчиште, во текот на август 2019 година, ги злоупотребил личните податоци на две оштетени лица. Без нивна согласност, тој отворил профили со нивно име на социјалната мрежа „Инстаграм“ и на тие профили ставил лични податоци и фотографии од оштетените, со цел да им наштети на нивните чест и углед. |
| ОЈО Скопје | Фалсификување исправи | ОЈО Скопје оформи предмет за настанот со наводно фалсификувани лични карти за што спроведе предистражна постапка во која е прибавена релевантна писмена документација и потребни податоци. Во тек е спроведување на истражни дејства; сите дејства преземени во предистражната постапка од страна на јавниот обвинител или полицијата што се сметаат за тајна. |
| ОЈО Скопје | Фалсификување исправи | ОЈО Скопје оформи предмет за настанот со наводно фалсификувани лични карти за што спроведе предистражна постапка во која е прибавена релевантна писмена документација и потребни податоци. Во тек е спроведување на истражни дејства; сите дејства преземени во предистражната постапка од страна на јавниот обвинител или полицијата што се сметаат за тајна. |

50 Поведените постапки за злоупотреба на лични податоци се достапни на интернет-страницата на ЈОРМ, https://jorm.gov.mk/?s=%D0%BB%D0%B8%D1%87%D0%BD%D0%B8+%D0%BF%D0%BE%D0%B4%D0%B0%D1%82%D0%BE%D1%86%D0%B8.

| | | |
|---|---|---|
| ОЈО Скопје | Ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем од чл. 394-г. ст. 1 од КЗ, едно кривично дело – Уцена од чл. 259 ст. 1 в.в. чл. 19 од КЗ, едно кривично дело – Пиратерија на аудиовизуелно дело од чл. 157-б ст. 2 в.в. ст. 1 од КЗ и кривично дело – Злоупотреба на лични податоци од чл. 149 ст. 1 од КЗ. | Предметот беше оформен по поднесени кривични пријави против обвинетиот од повеќе жртви во текот на 2022 и од почетокот на 2023 година, а во врска со објавени содржини на веб-порталот во негова сопственост... Обидувајќи се да влијае врз постапката против него, од приватната комуникација со истражителката, без согласност искористил и објавил лични податоци и фотографии на четворица истражители во ОЈО Скопје, па затоа обвинетиот се товари и за кривично дело – Злоупотреба на лични податоци. |
| ОЈОГОКК | Измама и злоупотреба на лични податоци | Членовите на групата во улога на агенти, на различни домени се обраќале на заинтересирани лица и создавале привид дека тргуваат со различни финансиски инструменти, особено со бинарни опции, ЦФД-а, Форекс и криптовалути. Користејќи т.н. афилијативен маркетинг и манипулативни реклами групата врбувала многубројни клиенти да пополнат контактен формулар во кој ги оставале нивните лични податоци. |
| ОЈОГОКК | Трговија со луѓе, Злоупотреба на лични податоци | Организирана криминална група, т.н. „Синдикати" ги врбувала лицата во Тајван, ветувајќи им подобра работа и поквалитетен живот. Со цел да ги средат административните процедури за патување на жртвите им ги одземале патните исправи, а откако жртвите биле донесени на целното место им биле одземани и мобилните телефони. Жртвите ги сместувале во куќи и тие постојано биле придружувани од некој од организаторите со цел да бидат контролирани и оневозможени да контактираат со надворешноста. „Операторите" во првото ниво на жртвите со кои комуницирале, се претставувале како службеници во банка, поштенска служба или осигурителна компанија. Во второто ниво, со цел да прибават целосни лични податоци, се претставувале како полициски службеници и барале доказ од жртвите за извршена уплата на измислена казна врз основа на која ги краделе личните податоци на жртвите. „Операторите" од третото ниво, претставувајќи се како обвинители и судии, ги убедувале целните жртви дека ќе се соочат со тешки обвиненија доколку не соработуваат и не префрлат одреден износ на парични средства на сметки што биле наменети за наводно намалување, односно ослободување од казната. |
| ОЈО Скопје | Производство и дистрибуција на детска порнографија по член 193-а став 3 во врска со став 1 од Кривичниот законик. | Во периодот од 19.12.2019 година до 28.01.2020 година, двајцата осомничени, како основач и модератор на групата, биле должни да се грижат за содржината на текстуалните и аудиовизуелните содржини што се споделуваат од членовите на групата. Но, тие со умисла дозволиле на групата да се направи достапна содржина – аудиовизуелен материјал на кој се прикажани очигледни полови дејства со дете. |

| | | |
|---|---|---|
| ОЈО Гевгелија | Измама од член 247 став 1 во врска со член 45 став 4 во врска со став 1 и Злоупотреба на лични податоци од член 149 став 1 во врска со член 45 став 1 од Кривичниот законик. | Осомничениот во временскиот период од 28.10.2019 година до 2.2.2020 година, во 18 наврати со умисла извршил временски поврзани дејства што претставуваат повеќекратно извршување на истото дело. Тој со намера за себе да прибави противправна имотна корист се јавувал телефонски на повеќе повозрасни лица, претставувајќи се како службеник вработен во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување или во други државни институции што вршат дејност од јавен интерес. Со лажно прикажување факти ги доведувал, а потоа и држел во заблуда оштетените дека може да им помогне во остварување на некое право или придобивка од пензија. За да им обезбеди додаток на пензија, заостанати исплати на пензии од брачни другари, запирање на извршување или друго право, осомничениот барал од оштетените да му достават лични податоци и документација и да му дадат парични средства за вршење на услугата. Вршејќи измама, осомничениот успеал за себе противправно да присвои 54.650,00 денари од вкупно договорените 112.840,00 денари. |
| ОЈО Скопје | Изработување и набавување оружје и средства наменети за извршување на кривично дело од член 395, Фалсификување исправа од член 378 и Злоупотреба на лични податоци од член 149 сите од Кривичниот законик. | Т.н. предмет „Фабрика за афери“, осомничениот се товари дека сторил три кривични дела и тоа – Изработување и набавување оружје и средства наменети за извршување на кривично дело, Фалсификување исправа и Злоупотреба на лични податоци. |
| ОЈО Гостивар | член 353 став 1 во врска со член 45 од Кривичниот законик | Искористувајќи ист траен однос и исти пригоди, обвинетиот, спротивно на одредбите од Законот за заштита на личните податоци и од Законот за матична евиденција, издал извод од книга на венчани и три изводи од матична книга на родените, иако знаел дека лицето на кое ги издава документите не е законски застапник или полномошник на лицата на кои се однесуваат тие документи. Со ова, обвинетиот ја искористил својата службена положба и неовластено ги открил и направил достапни личните податоци на лицата содржани во изводите. |

# АНЕКС III

Анализа на пресуди од ОС за злоупотреба на лични податоци[51]

| Год | ОС Суд | Член/Став | Основа | Казна |
|---|---|---|---|---|
| 06.04.2023 | ОС Радовиш | Злоупотреба на лични податоци од член 149 став 1 КЗ | Во текот на август 2022 година, во Р., постапил спротивно на условите утврдени со закон за лични податоци, на начин што откако прибавил фотографија од лична карта на име на оштетената З. У. од Р. и истата ја препратил на неговиот телефон на социјалната мрежа „Месинџер“, без согласност на оштетената З. кај мобилниот оператор М. т. АД С. во продажен салон во Б., ги искористил нејзините лични податоци, име, презиме и единствен матичен број и склучил договор за купопродажба и набавил мобилен телефонски апарат „Samsung Galaxy A13 Black“, кој му е доставен преку продажен агент во Р.1. | Парична казна 30.750 денари |
| 22.11.2022 | ОС Охрид | чл. 149 ст. 1 | Во периодот од 06.02.2019 година до 07.02.2019 година, во О., во својот дом на ул. „Кленоец“, бр. 68, спротивно на условите утврдени со закон, без согласност на оштетената Љ. С., прибирал, обработил и користел нејзини лични податоци на начин што прво личните податоци на оштетената ги искористил за да отвори профил на социјалната мрежа „Фејсбук“ на име на оштетената и тоа „L... D... B...“, потоа од профилот пишувал пораки во нејзино име кај нејзини роднини и пријатели кои содржеле непримерни и навредливи коментари. | Условна осуда казна затвор во траење од 3 (три) месеци (со 1 година) |
| 29.09.2022 | ОС Охрид | чл. 149 ст. 1 | Во ноември 2021 година, во О., во неговиот дом на ул. „...“, бр..., спротивно на условите утврдени со закон, без согласност на граѓанинот – оштетената Д. М., која во тоа време била негова сопруга, а во тек била постапка за развод на нивниот брак, прибирал и користел нејзини лични податоци, и тоа: лични фотографии на кои е прикажана оштетената на начин што користејќи го неговиот смарт-телевизор марка „ST“ со бр. ST-32TE4700 и апликацијата „Фејсбук“ инсталирана на тој телевизор, креирал фејсбук-акаунт „S... O...“ со линк https//www.facebook.com/menka.menka.3..., а потоа на 12.11.2021 година искористил лични податоци – фотографија на која била прикажана оштетената Д. М. за истата јавно да ја објави на фејсбук-акаунтот „S... O...“ со јавно достапен текст. | Условна осуда казна затвор во траење од 3 (три) месеци (со 1 година) |

51 Пресудите се преземени од интернет-страницата на ОС судови, достапна на: http://www.sud.mk/wps/portal/.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 16.09.2022 | ОС Кичево | чл. 149 ст. 1 | На ден 25.11.2019 година како единствен содружник-сопственик, а воедно и управник на правното лице „В..“ ДОО Скопје од Скопје ги злоупотребил личните податоци на оштетениот С. Д. од К. на начин што обвинетиот при регистрација на погоренаведената фирма во Централниот регистар на РСМ, без согласност на оштетениот, како седиште на правното лице ја пријавил личната адреса на оштетениот во К., односно ул. „...“ бр..., кој податок, односно домашна адреса, согласно чл. 2 од Законот за заштита на лични податоци се смета за личен податок. | Парична казна 18.450 денари |
| 16.08.2022 | ОС Гевгелија | чл. 149 ст. 1 | Обвинетиот А. И. спротивно на чл. 5 ст. 1 ал. 1, чл. 6 ст. 1 од Законот за заштита на личните податоци, на ден 03.02.2022 година околу 17.00 часот без дозвола и согласност на оштетената-граѓанинот С. Т. ги искористил нејзините лични податоци – нејзиното име и презиме, на начин што откако претходно од нејзина страна како овластено службено лице му бил издаден прекршочен платен налог бр. 259105 од ПС ОН Г., јавно ги објавил нејзините податоци преку сопствениот профил на социјалната мрежа „Фејсбук“ во групата „Лафум гивгилиски и не са замарум“, правејќи ги јавно достапни. | Условна осуда казна затвор во траење од 3 (три) месеци (со 1 година) |
| 06.04.2022 | ОС Охрид | чл. 149 ст. 2 | На 18.10.2021 година на социјалната мрежа „Инстаграм“ со намера да ги користи за себе, спротивно на чл. 10 ст. 1 т. 1 од Законот за заштита на личните податоци (Сл. весник на РСМ, бр. 42 од 16.02.2020 година) не прибавувајќи претходно согласност за обработка на лични податоци (име, презиме и фотографија), кои биле сопственост на оштетената Е. П. од О., навлегол во компјутерскиот информатички систем на лични податоци, каде креирал лажен кориснички профил со назив „е...“, каде што поставил и обработувал фотографии на оштетената што таа ги поставила на нејзиниот кориснички профил и на социјалната мрежа „Инстаграм“. | Парична казна 12.300 денари |
| 15.12.2021 | ОС Битола | чл. 149 ст. 1 | На 30.12.2020 година, спротивно на условите утврдени во чл. 9 и чл. 10 ст. 1 од Законот за заштита на лични податоци, без согласност на оштетениот В. В. од Б. како субјект на лични податоци, прибрал и обработувал лични податоци на оштетениот поврзани со неговиот физички идентитет, на начин што при настанатата вербална расправија во „Н. п.“ во Б. со неговиот мобилен телефон го снимал оштетениот, па истиот ден снимениот видеозапис без дозвола на оштетениот го споделил на профилот на обвинетиот A.S. на социјалната мрежа „Фејсбук“ по што оштетениот бил препознаен по неговиот лик. | Парична казна 18.450 денари |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 19.08.2021 | ОС Штип | чл. 149 ст. 1 | На ден 29.01.2020 година, спротивно на условите утврдени во Законот за заштита на лични податоци, без согласност на оштетениот Влатко Кешишов од Ш., како субјект на лични податоци, искористил негови лични податоци – име и презиме, матичен број и банкарска сметка, на начин што, на веб-платформата DVLM – Државна видеолотарија на Македонија Скопје за видеолотариски игри на среќа, регистрирал профил – сметка за игра со име Влатко Кешишов со ИД... | Условна казна Казна затвор во траење од 4 (четири) |
| 10.05.2021 | ОС Струмица | чл. 149 ст. 1 | Во временскиот период од 28.07.2019 година до 20.08.2019 година, спротивно на чл. 5 и чл. 6 од Законот за заштита на лични податоци, без согласност на оштетената А. Г. од С. прибирал и искористил нејзини лични податоци – фотографии што оштетената ги имала претходно објавено така што креирал профил на социјална мрежа и со корисничко име преку УРЛ-линк и лажно претставувајќи се во име на оштетената на профилот објавувал нејзини фотографии и комуницирал со трети лица во нејзино име, без нејзина согласност. | Парична казна 30.850 денари |
| 26.04.2021 | ОС Гостивар | чл. 149 ст. 1 | Во текот на месец а... година спротивно на условите утврдени со закон без согласност на оштетените М. З. и М. Х. од Г. ги искористил нивните лични податоци на начин што на социјалната мрежа „Инстаграм“ отворил профили со следниве имиња и тоа „I._..._mm“, „z.“ и „,m..ii“, со личните податоци и фотографии на оштетените и тоа го сторил со цел да им наштети на нивните чест и углед. | Парична казна Анонимизира |
| 13.04.2021 | ОС Гевгелија | чл. 149 ст. 2 | Обвинетиот Р. Д. спротивно на чл. 6 ст. 1 алинеја 1 од Законот за заштита на лични податоци, на ден 23.06.2020 година без согласност на оштетениот граѓанинот К. Т. –заменик-командир на ПС ОН В. ги обработил неговите лични податоци фотографија на оштетениот, кој ја презел од неговиот профил од социјалната мрежа „Фејсбук“ на кој прикачил текст со навредлива и заканувачка содржина и на Прекршочен платен налог издаден од друго овластеното службено лице во ПС ОН В. а кои обвинетиот ги објавил на социјалната мрежа F. од неговиот профил „R.D.“ и ги направил јавно достапни за сите корисници на оваа социјална мрежа со што му нанел и штета на оштетениот на неговиот професионален авторитет и углед. | Условна осуда казна затвор во траење од 3 (три) месеци (со 1 година) |
| 11.03.2021 | ОС Гостивар | чл. 149 ст. 3 | Во текот на септември и октомври ... година обвинетата извршила злоупотреба на лични податоци на начин што отворила лажен профил на социјалната мрежа „Фејсбук“ со име A. A. J. и A. J. I. и на социјалната мрежа „Инстаграм“ со назнака a..i. i a. во име на оштетениот А. од село К.-Т., кој е нејзин поранешен невенчан сопруг. | Парична казна 30.850 денари |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 30.12.2020 | ОС Куманово | чл. 149 ст. 2 | На точно неутврдено време во март 2018 година, спротивно на условите утврдени со закон навлегле во компјутерски информатички систем на личните податоци на оштетената М.Т. – директор на СОУ „Г. Д.“ К. и оштетените ученички И. А., Е. В. и С. Д., со намера користејќи за себе и за друг да остварат некаква корист, а на друг да му нанесат штета, на начин што првообвинетиот преку компјутерски информатички систем на неговиот портал www.dokaz.mk објавил статија со наслов „Секс скандал во кумановска гимназија со фото доказ, кој кого стигнел плескал, ученици, професори“ и второобвинетиот преку компјутерски информатички систем на неговиот портал „info max.mk“ објавил статија „Скандал во кумановската гимназија: ученици снимале порнографски филмови, директорката се обидела да го забошоти случајот“ во кои обвинетите ги објавиле личните податоци на оштетената со име и презиме, професијата, како и објавени вулгарни и компромитирачки фотографии на оштетените ученици во кои статии навеле дека истите биле направени во просториите на самото училиште, а се со намера да ѝ нанесат штета на оштетената по нејзината чест и углед, како и за учениците и самото СОУ „Гоце Делче“ К. | Се ослободу-ваат од обви-нение |
| 22.12.2020 | ОС Штип | чл. 149 ст. 1 | На ден 05.07.2020 година околу 6.00 часот, спротивно на условите утврдени во чл. 5 ст. 1 и чл. 6 ст. 1 од Законот за заштита на лични податоци, без согласност на оштетениот С. А., како субјект на лични податоци, користел негови лични податоци, на начин што, управувајќи ПМВ ... со рег. број ..., сопственост на Б. С., по магистралниот пат Ш.-Велес, кај нас. Три Чешми, бил запрен од полициски службеник од МВР-СВР Ш. заради вршење на сообраќајна контрола, при што му биле побарани лични документи за идентификација, поради констатиран прекршок по чл. 26 ст. 1 и ст. 10 од Закон за возила, па наместо своите ги кажал личните податоци на оштетениот С. А. од К. роден 25.03.1989 година. | Парична казна 18.450 денари |
| 14.09.2020 | ОС Кавадарци | чл. 149 ст. 1 | На 06.05.2020 година, околу 17.30 часот, спротивно на чл. 18 од Уставот на РС Македонија и спротивно на условите од чл. 10 ст. 1 ал. 1 и чл. 14 од Законот за заштита на лични податоци, без претходно добиена согласност, на граѓаните – оштетените Д. П. и Т. Ѓ., двајцата од К., ги искористил нивните лични податоци, на начин што на неговиот личен фејсбук-профил „Г. Б.“ објавил кривична пресуда К. бр. 62/20 од 23.04.2020 година на Основен суд К., во која се содржани личните податоци на оштетените и тоа, име и презиме, со ЕМБГ и адреса на живеење, по што имало реакции на граѓани, со коментари и споделувања, на кој начин неовластено овозможил со личните податоци на оштетените да се запознаат неограничен број лица. | Условна парична казна 18.450 денари парична казна што нема да се плати ако во рок 1 година не стори ново дело |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 11.09.2020 | ОС Струмица | чл. 149 ст. 2 в.в со ст. 1 од КЗ | Во текот на февруари 2020 година навлегол во компјутерски информатички систем на лични податоци со намера на оштетената М. С. да ѝ нанесе штета на честа и угледот, на начин што без знаење и согласност на оштетената од компјутер во неговиот дом со ИП-адреса 89.185.194.48 се приклучил на социјалната мрежа „Фејсбук“ и активирал профил на име на неговата поранешна сопруга М. С. со корисничко име „Милка Гошева“, по што на профилот објавил седум фотографии со непримерна содржина на кои се гледа оштетената. | Условна осуда казна затвор во траење од 3 (три) месеци (со 1 година |
| 14.07.2020 | ОС Струмица | чл. 149 ст. 1 | Во текот на март 2019 година спротивно на чл. 6 од Законот за заштита на личните податоци без согласност на оштетениот Р. М. од Скопје ги искористил неговите лични податоци така што, искористувајќи ја копијата од личната карта, подигал парични средства од брз трансфер на пари преку Capital transfer Ria – Macedonia во С. „Хепи кар Вош“ ДООЕЛ и тоа на 02.03.2019 со налог за исплата DE 1483561037, на 06.03.2019 со налог за исплата DE 1585051937, на 13.03.2019 со налог за исплата DE 1755685137, на 15.03.2019 со налог за исплата DE 1813658537 и на 16.03.2019 со налог за исплата DE 183169937. | Парична казна 61.500 денари |
| 02.06.2020 | ОС Струмица | чл. 149 ст. 1 и чл. 378 ст. 1 | Во март 2019 година во С., без согласност на оштетениот И. М. од С., спротивно на чл. 6 од Законот за заштита на личните податоци, ги искористил неговите лични податоци – име, презиме, адреса, матичен број и број на лична карта, направил лажна исправа – потврда за редовен работен однос од Друштво за производство, трговија и услуги „СОФИ СОФИЈА“ дооел увоз-извоз С., архивски број 215.2019 од 04.03.2019 година, да наводно оштетениот Илија е во редовен работен однос во ДПТУ „СОФИ СОФИЈА“ дооел увоз-извоз С., која лажна исправа на ден 04.03.2019 година пред Друштвото за комуникациски услуги „А1 Македонија“ ДООЕЛ С, тогаш „ОНЕ.ВИП“ дооел С, ја употребил како вистинска и склучил Договор за засновање претплатнички однос за користење на јавни телекомуникациски услуги бр. од 04.03.2019 година во име на оштетениот И. М. од С. и „ОНЕ.ВИП“ дооел С. | Условна осуда казна затвор во траење од 5 (пет) месеци, (со 1 година) |
| 18.05.2020 | ОС Струмица | чл. 149 ст. 2 | Во текот на јануари 2020 година навлегол во компјутерски информатички систем на лични податоци со намера на оштетената М. Ч. да ѝ нанесе штета на начин што користејќи две фотографии од оштетената на кои таа е разголена, а кои ги симнал од нејзиниот мобилен телефон и ја фотографирал додека разговарале преку апликацијата М, од неговиот телефонскиот број преку апликацијата W. A фотографиите му ги испратил на лицето Т. Ѓ. од Н. С., со што без нејзино знаење и согласност ги направил достапни на трето лице. | Парична казна 18.600 денари |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 04.05.2020 | ОС Штип | чл. 149 ст. 1 | На 26.04.2019 година во Ш., договорно и заеднички, спротивно на чл. 4 од Законот за лични податоци, без согласност на граѓанинот – оштетениот З.В од Ш., користеле негови лични податоци, на начин што, откако оштетениот ги дал неговите лична карта и дебитна картичка на второобвинетата заради наводно собирање на парична помош за негово лекување, истата со фотокопија од неговата лична карта преку е-адресата ... аплицирала на негово име за брз потрошувачки онлајн-кредит кај Финансиското друштво „Кредисимо“ дооел Скопје... | Условна осуда казна затвор во траење од 3 (три) месеци (со 1 година) |
| 14.04.2020 | ОС Гостивар | чл. 149 ст. 2 од КЗ | На ден 09.03.2017 година осомничениот се упатил во просториите на подрачната единица на УЈП во Г. да пријави данок на персонален доход, при пополнување на истата му помогнал некој од вработените во УЈП, каде што, наместо податоците на пријавениот, даночната пријава ја пополнил на име на оштетениот Ј. Р. и ги внел неговите генералии, при што истата своерачно ја потпишал, притоа со решение се утврдува дека оштетениот Р. Ј. треба да плати 17.983,00 денари. | Парична казна 18.450 денари |
| 09.04.2020 | ОС Охрид | чл. 149 ст. 1 од КЗ | На ден 11.11.2019 година во О., спротивно на условите утврдени во Законот за заштита на личните податоци без согласност на оштетената И.. Б.. од О., со која претходно биле во љубовна врска, искористил нејзини лични податоци така што на порно интернет-страницата „Macedonian room-V.. & chat“ објавил видеоклип на кој И.. Б.. самата го имала креирано снимајќи го нејзиното торзо без главата, а кој видеоклип претходно на ден 14.12.2018 година го имал примено од оштетената во приватна порака преку апликацијата „Инстаграм“, па со ваквото објавување на оштетената ѝ нанел нематеријална штета. | Парична казна 12.300 денари |
| 30.12.2019 | ОС Струмица | чл. 149 ст. 2 в.в со ст. 1 од КЗ. | Обвинетата А., искористувајќи ја копијата од личната карта на оштетената Х. Ј. од С., која оштетената ѝ ја испратила преку „Месинџер“ на социјалната мрежа F во ноември 2018 година за да ја зачлени во А. К., на ден 26.12.2018 година неовластено преку компјутерско-информатичкиот систем влегла во профилот креиран на име на оштетената Х. на интернет-страницата А и извршила порачка во нејзино име на козметички производи за сума од 6.000,00 денари, задолжувајќи ја оштетената Х. за истата сума, а производите ги задржала за себе. | Условна осуда казна затвор во траење од 3 (три) месеци (со 1 година) |



